

**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА**

# ФАРМА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СВИЊИ СО МЛИН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОЧНА ХРАНА

# ЗА

# ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА



## СОДРЖИНА


I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОДЗЕМНИ ВОДИ И ПОЧВА

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

XII. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

XVI ИЗЈАВА

**ПРИЛОЗИ**

1. **ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
2. **ИМОТЕН ЛИСТ**
3. **СКИЦА ЗА ПРЕМЕР**
4. **ЛИСТА НА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ**
5. **МАПА НА ЛОКАЦИЈАТА**
6. **ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА**
7. **ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР**
8. **ОДЛУКА ЗА ОДОВОРНО ЛИЦЕ ЗА ОТПАД**
9. **ПОСВЕТЕНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ**
10. **ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА,**
11. **ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
12. **ПРОГРАМА НА МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
13. **ТЕХНОЛОШКА ШЕМА НА ПРОЦЕСОТ**
14. **ЛИСТА НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА**
15. **ПРОЦЕДУРА ЗА СЛЕДЛИВОСТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ**
16. **СЕРТИФИКАТИ ЗА СУРОВИНИ**
17. **ПРОЦЕДУРА ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВИНИ И ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ**
18. **ОПИС НА ТЕХНОЛОШКАТА ПОСТАПКА**
19. **ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ ЕЛАБОРАТ**
20. **ПРИРАЧНИК ЗА ГМП**
21. **ПРАВИЛА ЗА ДПП И ДХП**
22. **ПРОЦЕДУРИ ЗА ОТПАД**
23. **ТЕХНОЛОШКА ПОСТАПКА ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА ЦВРСТ ОТПАД**
24. **МАПА СО ОЗНАЧЕНИ МЕСТА (ЛОКАЦИИ) ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАД**
25. **ДОГОВОР ЗА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**
26. **ДОГОВОРИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ОТПАД СО ИМОТНИ ЛИСТОВИ**
27. **ДОГОВОР ЗА ВЕТЕРИНАРНИ УСЛУГИ**
28. **ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ**
29. **ЛИСТА НА ОПРЕМА**
30. **ДОГОВОР ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА**
31. **ПРОЦЕДУРА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА**

**32. ПЛАН ЗА РАКУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД**

**33. ПРОЦЕДУРА ЗА НАБАВКА**

**34. ПРОЦЕДУРА ЗА ОДОБРЕНИ ИСПОРАЧАТЕЛИ**

**35. ПРОЦЕДУРА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ВОДА**

**36. ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ СО КОНТАМИНИРАНА ВОДА**

**37. ПРОЦЕДУРА ЗА ХИГИЕНА НА ПРОСТОРИИ И ОПРЕМА**

**38. ПРОЦЕДУРА ЗА ЛИЧНА ХИГИЕНА И ЗДРАВЈЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

**39. ПРОЦЕДУРА ЗА ХИГИЕНА НА ОБЛЕКА**

**40. ПРОЦЕДУРА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНИ ВЛИЈАНИЈА**

**41. ПРОЦЕДУРА ЗА ВКРСТЕНА КОНТАМИНАЦИЈА**

**42. ПРОЦЕДУРА ЗА КОНТРОЛА НА ШТЕТНИЦИ**

**43. ПРОЦЕДУРА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ, БЕЗБЕДНО СКЛАДИРАЊЕ И УПОТРЕБА НА ТОКСИЧНИ СУПСТАНЦИИ,**

**44. ПРОЦЕДУРА ЗА ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ**

**45. КЛИМА**

**46. НЕТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД**

**47. ПЛАН ЗА ХАВАРИИ**

**48. ПЛАН ЗА РЕМЕДИЈАЦИЈА**

**49. МЕТОДИ ЗА СИТЕ ВИДОВИ НА МЕРЕЊА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**50. ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ**

**51. ПРОЦЕДУРА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО НАДВОРЕШНИ СТРАНИ**

**52. ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОПЛАКА ОД ОКОЛИНАТА**

**53. ФАКТУРА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**54. ИЗВЕШТАЈ ОД КВАЛИТЕТ НА ПОЧВА**

**55. ИЗВЕШТАЈ ОД МЕРЕЊЕ НА БУЧАВА, ПРАШИНА И МИРИС**

**56. ИЗВЕШТАЈ ОД АНАЛИЗА НА ВОДА**

**57. ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД МЖС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА**

# I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Име на компанијата[1] | **Друштво за производство, трговија и услуги ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА Индустриска бр.40 с.Мрзенци, Гевгелија** |
| Правен статус | **ДОО** |
| Сопственост на компанијата | **Приватна (100%)** |
| Сопственост на земјиштето | **Физичко лице** |
| Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата | **Индустриска бр.40 с.Мрзенци, Гевгелија** |
| Број на вработени | **4** |
| Овластен претставник | **Томе Илков +389 (78) 228441** |
| Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето [2] | **Прилог 2 – Точка 6: Други дејности; Под точка 6.6: Инсталации за нтензивно живинарство или за свињарство со повеќе од: - 100-2000 места за гоење на свињи (над 30 кг) или - 50 - 750 за маторици** |
| Проектиран капацитет | **Околу 1700 товеници и 250 маторици годишно** |

### I.1. Вид на барањето [3]

Обележете го соодветниот дел

| | |
|---|---|
| Нова инсталација | |
| Постоечка инсталација | x |
| Значителна измена на постоечка инсталација | |
| Престанок со работа | |

### I.2 Орган надлежен за издавање на Б - Интегрирана еколошка дозвола

| | |
|---|---|
| Име на органот | **Градоначалник на Општина Гевгелија** |
| Адреса | **Ул. Димитар Влахов бр.4 1480 Гевгелија, Р.С. Македонија** |
| Телефон | **+389 (0) 34 213843** |

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата

[2] Да се внесеат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно оделени една од друга.

[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

**ОДГОВОР**

Во прилог 1 е дадена Тековната состојба на компанијата

Во прилог 2 е даден Имотниот лист на физичкото лице со кое компанијата има склучено Договор за закуп на деловен простор кој е прикажан во Прилог 7

Во прилог 3 е дадено Скица на премер на целокупниот комплекс издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности

## II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

**ОДГОВОР**

### 1. Кратко нетехничко резиме на дејноста или активноста

Инсталацијата преставува фарма за одгледување на свињи со сите пропратни објекти и млин за производство на сточна храна и сите заедно образуваат стопански комплекс.

Инсталацијата, локацијата, објектите и опремата кои се во моментот на изготвување на документацијата се од редот на опреми за свињарство

Избраното технолошко решение кое е применето во Инсталацијата е т.н. ***Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна***.

Инсталираната опрема која се користи за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна се користи по потреба и е во редот на едноставни но софистицирани опреми. Опремата е приспособена согласно законската регулатива за благосостојба на животните

Евентуалниот отпад од одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна го изнесуваат одговорните лица во компанијата на претходно определено место за таа намена и го користат повторно во процесот како рециклиран отпад, комуналниот отпад се предава на овластени компании, отпадот – изметот од свињите се носи по ,,зреењето,, на обработливи земјоделски површини како дополнување на програмата за ѓубрење на површините на компанијата или се предава на околните земјоделски фармери со претходно склучен Договор за соработка.

Согласно Правилникот за начинот и постапката за спроведување на исклучоците во однос на остранување на нус производите од животинско потекло угинатите животни се закопуваат на претходно определено место од страна на Ветеринарните институции а со што не се врши никакво влијание на загрозеност на животна средина

Манипулацијата со ситниот алат и прибор во објектот се врши рачно.

Во Програмата за мерки за подобрување на животната средина се предвидува да се организира специјално место за таа намена без атмосферски штетни влијанија

Отпадот од водата за миење на вработените и тоалетните простори се испушта како отпадна вода во специјални одводни канали во систем на лагуни и септичка јама која заради малото количество нема битно влијание на околината.



***Сл.1 Место за оставање на отпад на сопствени земјоделски површини со врата за влез и ограда по целокупниот простор***

На ваков начин компанијата ги има имплементирано сите достапни техники за решавање на секаков вид на отпад кој се јавува на Инсталацијата.

Заложба на менаџментот на Друштвото е да воспостави систем за добро менаџирање со отпадот, односно да спроведе одредени активности за намалување на различните видови на емисии, како и да воведе соодветни технолошки иновации за заштита на почвата чие загадување не е во големи размери и е минимално.

### 1.1. Опис на дејноста

Инсталацијата преставува место каде се врши одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна во близина на Гевгелија

Технологијата на одгледување на свињи во свињарската фарма е така концептирана што претставува заокружена производна целина за производство на гоеници (свињи за колење).

Во објектите на свињарската фарма е инсталирана опрема за одгледување на свињи во согласност со Добрата Производна Пракса, а фармата располага и со друга опрема во функција на остварување на нејзините активности (системи за хранење, напојување, проветрување, греење и др.).

На раководните места во Инсталацијата се вработени стручни лица, кои добро ја познаваат применетата технологија за интезивно свињарство, при што начелата за Добрата Фармерска Пракса се применуваат во секој сегмент од работењето (одгледување, исхрана на животните, заштита на животните, чистење, спроведување на ДДД заштита итн.).

Избраното технолошко решение кое е применето во Инсталацијата е т.н. **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** како дел од деловен простор - сопственост на компанијата ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Процесот на одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна е со едноставен алгоритам и се изведува во следните фази:

- Прием на суровини во магацин
- Регистрирање во деловни книги
- Прием на храна во силос за сместување на сточна храна
- Процесирање во објект – хранење, поење, оплодување, прасење
- Испорака до деловна единица за трговија

- **Опис на суровини и помошни материјали / готови производи**

Основните суровини, кои се користат за извршување на планираните активности на Инсталацијата и нејзините делови, воглавно претставуваат материјали кои не содржат опасни супстанции и кои се специјални за ваков вид на Инсталација.

Поголем дел од суровините претставуваат состојки кои се користат во целост, без остатоци, поради што не постои штетно влијание на околината или со остатоци кои не се штетни за природата

| Материјал (супстанција) | Количина (дневно) | Годишна употреба | Природа на употребата |
|---|---|---|---|
| Сточна храна | 2500 кг | 1000 т | За одгледување на свињи |
| Вода | 6000 л | 2200 т | За одгледување на свињи |

- **Извори на емисии од инсталацијата**

Природата на дејноста која се врши во ***Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна*** во близина на Гевгелија, укажува на ненасочената емисија на компоненти во воздухот но нема таква концентрација на штетни материи кои би ја надминале максимално дозволената концентрација и штетно би влијале врз животната средина и природата.

Нивото на бучавата е во границите на максимално дозволеното ниво.

Според природата на дејноста, активностите во Инсталацијата не создаваат штетни вибрации.

Во околината на Инсталацијата и нејзините делови како и на нивната локација нема извори на нејонизирачко зрачење.

- **Историско загадување**

Не се утврдени било какви загадувања во минатото, кои би имале некое значајно влијание на животната средина

- **Понатамошни планирани мерки**

Инвеститорот има изготвено конкретна Програма за мерки за подобрување на животната средина со предвидени активности во правец на спречување, односно намалување на можноста од штетно влијание во отстранувањето и депонирањето на отпадниот материјал кој се создава во текот на извршување на секојдневните активности на Инсталацијата.

Инвеститорот има припремено План за спречување хаварии и реагирање во итни случаеви

Изработено е Упатство за подготвеност при вонредни состојби, список на потенцијални инцидентни и вонредни состојби како и план за реагирање при инцидентните ситуации.

Изработени се проекти и упатства во кои се опфатени сите чинители кои влијаат на животната средина и работната средина, а кои ќе се јавуваат како последица од

активностите во ***Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна***, како и анализа на опасностите и конкретните мерки и средства кои се предвидени за целосно извршување на заштита на вработените и заштита на животната средина.

Корисниците се запознати со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и со планот за реагирање при инцидентните ситуации.

Како превентивна мерка е опфатено организирање на местото каде ќе се поставаат контејнери за собирање на отпад, лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои ќе информираат за опасностите и забранетите постапки.

Исто така, Операторот има припремено План за ремедијација, престанок со работа, како и повторно започнување со работа на Инсталацијата

Со предвидените мерки за делумен престанок со работа, се земаат во предвид деталите за организацијата како што се количина на суровини, помошни материјали, производи, со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзин престанок.

Успешно дислоцирање и со минимизирање на влијанијата врз животната средина би се одвивале во следните фази:

- Дислокација на суровините и крајните производи
- Повторно доведување на локацијата до состојба погодна за друга дејност

Планот ќе се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадување, како и истражувања за ризиците кои произлегуваат од активноста од работниот век на инсталацијата.

### 1.2 Опис на инсталацијата

Инсталацијата е комплекс од ***Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна*** **во близина на Гевгелија** на барателот ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА . Во продолжение е даден детален опис на инсталацијата

Во рамките на Комерцијално – деловниот комплекс со **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , покрај објектот се наоѓа и

- Административен простор
- Тоалети
- Паркинг простор

Во продолжение на излагањето ќе се даде детален опис на градежните објекти и економските единици кои се лоцирани на инсталацијата

- **Извод од просторниот план**

Со просторниот план УП за близина на Гевгелија се утврдува дека **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** како дел од постоечки комплекс со сиот свој расположив имот се задржува во опфатот на своите граници



***Сл.2 Локација на Објектот за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА***





***Сл.3 Дел од Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна***



***Сл. 4 Бунар за вода***

Зоната на и околу Инсталацијата е во границите на урбанистичкиот зафат и се разработени со детални урбанистички планови.

При имплементирање на Инсталацијата во индустриски комплекс е водено сметка истата да биде урбанистички вклопена во непосредната околина и постојните објекти земајќи ја во предвид и конфигурацијата на теренот.

Парцелата се наоѓа надвор од населено место од левата страна на рамен терен на **Имотен лист:**

- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Б 1-17 со површина од 355м$^2$,
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 212м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 184м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 27м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4618/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 162м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4619/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 29м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 303м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 7м$^2$

Комерцијално деловниот комплекс – **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** е со висина од приземје и претставува независна целина со посебен влез, наменет за задоволување на потребите на инвеститорот.

Димензионирањето и начинот на поделба на објектот, како и функционалната поделеност на истиот е во рамките на програмските барања на инвеститорот.

Катноста на објектот е дефинирана како приземје со пристапна рампа.

Проектираниот габарит е во рамките на утврдената површина за градење.

Поставеноста на објектот овозможува пристап на возила од парцелата од земјоделскиот пат.

Паркирањето на моторните возила е решено во рамките на градежната парцела односно на паркинг

Инсталацијата е заградена со метална ограда



***Сл.5 Надворешност на Инсталацијата***



***Сл. 6 Ограда на целокупната Инсталација***

- **Микролокација на просторот каде се вршат одредени дејности или активности**

**Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** како Инсталација е поставен во рамките на предвидената површина за ваков вид на Инсталација а во согласност со констатираните потреби на Инвеститорот за посочената активност. Објектот е изграден во согласност со:

- ,,Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот,, (Сл.весник на РМ бр.2/2002)
- ,,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот,, (Сл.весник на РМ бр. 50/2003)
- Според планската документација на Општина Гевгелија
- Според Урбанистичкиот план на Општина Гевгелија

Предметната локација се наоѓа во близина на с.Мрзенци, Општина Гевгелија на рамен терен во близина на населено место на далечина од 1,5 км.

Градежната парцела од сите страни е ограничена со земјоделски површини

Се работи за зона, без поголема изложеност на бучава од активностите на Инсталацијата, локацијата е добро осветлена и овозможено е непречено струење на воздухот.

Во моментот локацијата претставува изградено градежно земјиште со урбанистичко уреден простор.



***Сл.7 Урбанистички уреден простор***

Урбанистичката парцела има можност за лесно приклучување на постоечката инфраструктура.

Самата локација на Инсталацијата поради лоцираноста во близина на населено место сепак не претставува никаква опасност, ниту пак нејзината функција е од загадувачки карактер.

Целокупната парцела на која функционира комплексот на **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** во моментот на изготвување е заграден а и оддалеченоста од патот како и производството кое се изведува во објектот не наведуваат на фактот дека нема да има никакво влијание од надворешната средина.

- **Сообраќајно решение**

Пристапот до парцелата е биде преку постоечки пат и е изведено паралелно реализирање на комплетна инфраструктура (водовод, канализација и електроинсталација) во објектот заради негово несметано приклучување кон постојната инфраструктура



***Сл.8 Влезна порта под надзор на Инсталацијата***

Обезбеден е пристап на моторни возила а со тоа и нормално функционирање и одржување на Инсталацијата. Пристапниот пат е со широчина од 4 м, а на локацијата има и одредени проширувања кои служат за свртување на возилата. Ширината и позицијата на сообраќајниците ***овозможува*** брз и несметан пристап на возилата за техничка помош до сите објекти кои гравитираат на Инсталацијата, и тоа најмалку од две страни на објектите.

Сообраќајниците и пристапните патишта до Инсталацијата ги исполнуваат следните услови:

- Да издржат оптеретување на современите противпожарни возила (најмал оскин притисок од 8 тони);
- Ширината на двонасочните сообраќајници да биде најмалку 4 м;
- Радиусот на кривините да не биде помал од 6 м;
- Висината на рабните камења да не биде поголема од 12 цм.

Пристапниот пат потребно е да биде адекватен за ПП возилата.

- **Инфраструктура**

Сите инфраструктурни инсталации се изведени врз база на претходно поставени и ново изведени доводи и приклучоци.

- **Партерно уредување**

Партерното уредување е усогласено со условите на теренот, поставеноста на градбите како и условите за обезбедување маневрирање на товарни возила и неопходен број на паркинг места.

- **Организација на просторот**

Инсталацијата ја завзема северната позиција на територијата на Гевгелија опколена со земјоделски простори и површини. Целокупната парцела на која функционираат **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** во моментот на изготвување е опколен со земјоделски простори а активностите кои се изведуваат во објектот не наведуваат на фактот дека нема да има некакво значително влијание од надворешната средина.

- **Хортикултура**

Останатиот простор на инсталацијата во целост е уреден хортикултурно и во својата содржина има застапено зелени површини и сл.

Евентуалните други објекти кои би се градиле во непосредна близина на објектот ќе спаѓаат во групата на објекти наменети за деловна намена така да не би се нарушил мирот во неговите активности.

Целокупниот објект е во согласност со Законските нормативи за овој вид на дејност

- **Внатрешни сообраќајници и платоа**

Во кругот на Комерцијално – деловниот комплекс на **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** се изградени наоколу сообраќајници и платоа (тампонирани), што овозможува нормално одвивање на планираните активности, односно добра комуникација во комплексот.

Внатрешната комуникација е изведена со различни комуникативни простори кои се тампонирани на одредени места.

## 2.0. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ ОПИС НА ДЕЈНОСТА ИЛИ АКТИВНОСТА

### 2.1. Опис на Инсталацијата

**- Концепција**

***Комплексот од Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна*** е адаптиран во деловен постор изграден на постоечка урбана површина во атарот на с.Мрзенци Гевгелија и е со капацитет од околу 1700 товеници и 250 маторици годишно.

Земјиштето на комплексот се диференцира на:

1.отворен дел составен од:

- урбани површини
- пристап, паркинг и економски влез

2.изграден дел

-површина под објекти

**а.ОТВОРЕН ДЕЛ**

Локацијата е урбанистичка парцела која го обезбедува изградениот и слободниот простор на земјиштето. Локацијата ги обезбедува следните услови:

- ***во непосредна близина на комплексот има развиена зелена површина која се користи за примена на хортикултурни решенија;***

***- локацијата е приклучена на постоечката инфраструктура;***

***- на локацијата од страна на инвеститорот е обезбедена сигурност на објектот вклучувајќи го и целото земјиште на објектот;***

***- локацијата на Објектот за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА е заштитена од бучава и концентрација на штетни материи во воздухот, кои не ги надминуваат дозволените рамки пропишани за станбени населби.***

Неизградениот дел е составен од површини за пристап, паркинг и економски влез.

Затворениот простор е организиран за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна каде е сместена и опремата за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна

Обработката на површините е од материјали што не се лизгаат (бетони др.)

Инсталацијата има благо сончева положба, од југо - исток до исток, заштитено од ветер и поседува природни и вештачки сенки. Зелените површини се интегративен дел на Инсталацијата.

Пристап претставува приод или влез со пешачки патеки, паркинг простор и економски влез и се однесува на:

***- пешачки патеки кои служат за совладување на растојанието помеѓу патот и влезот на објектот и истите треба да се безбедни и заштитени, тампонирани, но да се избегне лизгавоста и хортикултурно да се обликуваат;***

***- паркинг простор кој служи за пристап на возила и не треба да ја попречува редовната активност на објектот***

Согласно законската регулатива кои се однесуваат на ветеринарните барања превидено и дезобариера на влезот во комплексот како за возилата така и за луѓето кои влегуваат во комплексот.

Согласно прописите за противпожарна заштита (ППЗ) потребно е просторот за противпожарно возило (ПП возило) како и за друго ургентно возило да биде со широчина од најмалку 4 м.

Економскиот влез треба да овозможи директна врска со комплексот и истиот треба да има добри врски со сообраќајницата. Големината на економскиот влез треба да има добри врски со сообраќајницата и да одговара така да е можно пристап и вртење на лесни транспортни возила, паркирање, третман на отпад и доставување на суровини.

**б. ОБЈЕКТ – ИЗГРАДЕН ДЕЛ**

**Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА со капацитет од околу 1700 товеници и 250 маторици годишно** се објекти сопственост на компанијата кои се изградени согласно техничките прописи и стандарди за градба на објекти а кои се однесуваат на овој вид на производни услуги



***Сл.9 Изглед на констукцијата на еден од објектите***

Сите три објекти се на приземје, димензионирани и обликувани функционално и естетски, во согласност со потребите и активностите на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА . Организацијата на просторот овозможува разновидни активности како и оптимална поврзаност и прегледност.

Објектот ги содржи следните просторни групи:

- простори за одгледување на свињи со севкупната опрема која е предвидена за ваков вид на производство;
- простор за производство на сточна храна
- простори за миење;
- простори за сместување на амбалажа
- простори за разни видови на отпад
- тоалетни простори
- простори за комуникација;
- административен простор

Внатрешната површина ја вклучува целата слободна површина наменета за различни активности на **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**



*Сл. 10 Опрема на Инсталацијата*





***Сл.11 Прасилиште***



***Сл.12 Чекалиште за осеменување***



***Сл.13 Место за осеменување***





*Сл.14 Назимки – мајки*



*Сл.15 Тов Б фаза*

### 3.2. Опис на услугите, методите и помошните процеси кои се користат на инсталацијата

Според основната дејност на Инсталацијата, може да се диференцира еден основен процес, и тоа:

- **Одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна**

Севкупниот ,,потенцијал,, на Инсталацијата се изведува преку следните модули – простори и простории на Инсталацијата:

**А. Одгледување на свињи**

Севкупниот ,,потенцијал,, на Инсталацијата се изведува преку следните модули – простори и простории на Инсталацијата:



*Сл.16 Простор од надвор*

А.1. **Простор за прием на суровини во магацин** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство.

А.2. **Простор за прием на сточна храна** – низ посебен систем за дотур на сточна храна кој се простира од погонот а производство на сточна храна па до секој од објектите се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носи храната до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот. Силосите редовно се чистат и дезинфицираат пред секоја употреба. Од силосите храната се дистрибуира до секоја хранилка на кафезите со транспортна опрема. Тие се со следниот капацитет

- Во халата за товеници 2 силоси од по 5 тона
- Во прасилиште 1 силос од 2.5тона
- Во чекалиште 1 силос од 2.5 тона.

- Во Б фаза 2 силоси по 2.5 тона

А.3. **Процесирање во објектите за одгледување на свињи –** Објектите за одгледување на свињи се опремени со специјализирана опрема која се состои од:

- кафези - капацитет – **околу 1700 товеници и 250 маторици годишно**;
- систем за одведување на измет;
- поилки;
- хранилки со автоматски систем на храна;
- систем за ладење и климатизација

Кафезните батерии се приземни а на нив се инсталирани линии за хранење, напојување со вода, изѓубрување.



***Сл.17 Хранилки***



***Сл.18 Автоматско хранење***

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот и температурата на објектите. Притоа тие се поставени како системи со јачина од 400 W и тоа

- Во халата за товеници поставени 2 системи на вентилатори
- Во прасилиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во чекалиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во Б фаза поставени 3 системи на вентилатори



***Сл.19 Вентилаторски систем на Инсталацијата***



***Сл.20 Отвори за дополнување на вентилацијата ан објектот***

Климатизацијата е опремена и со систем за ладење со т.н. водени завеси кои се состојат од систем на кров од цеви со вода и притоа со вода која ќе се слива се прави водна завеса.

Воздухот поминувајќи низ таа завеса се лади, прочистува и влажен така да во објектот се створаат строго контролирани климатски услови неопходни за одгледување на свињите.

Исто така се контролираат притоа и концентрациите на амонијак и јаглероден диоксид кои се многу токсични во поголеми концентрации.

Храната се дотура од силосите автоматски со бункери, како што е и системот на вода преку автоматски систем на цевки. Системот за хранење е составен од силоси ланчест транспортер и хранилки за секој од трите објекти посебно





***Сл.21 Поврзаност на системот за хранење од млинот до објектот за одгледување на свињи***

За свињите во сите фази најголемо значење има хранителната вредност на смесата за исхрана. Таа мора да оди согласно фазата на производство и типот на свињата. Највисока хранителна вредност на смесата треба да биде во прва фаза на

тов, бидејќи во тој период свињата треба најмногу да расте. Доколку храната не ги задоволува потребите од хранивите материи за својата намена тогаш:

- свињата губи од својата тежина, наместо да расте,
- станува кахектична и поради тоа морталитетот се зголемува,
- производствениот модул опаѓа а големината заостанува.

Потребно е да се напомене дека штотуку вселените прасиња за тов во објектите кои се од сопствено производство се хранат со преодни типови на храна

Смеските за свињи низ различните фази на тов треба да имаат одредена ориентациона хранителна вредност

Системот за напојување е со филтри, нумерач на проток, регулатор на притисок, разводни цевки и нипли.



***Сл.22 Систем за поење***

Изѓубрувањето се врши преку соодветна опрема и е поставена на секоја канална единица. Ѓубрето се изнесува преку соодветен систем до лагуна каде се таложи а потоа се товари во специјален камион - кипер. Понатаму камионот ѓубрето го транспортира до земјоделски површини каде се користи за ѓубрење на истите. На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина. Раководниот тим на компанијата има капацитет да ги исполни целите на овој проект:

- Решавање на проблемите со ѓубрето со негова редукција и елиминирање
- Решавање на проблемите со депонирање на мртвите свињи што значи и исполнување на процедурите на ISO 14001:2000

- Намалување на трошоците кои се прават во однос на депонирањето на ѓубрето и лешевите: транспрот, дезинфекција на возила, амортизација на возилата, работната сила и сл.

- Решавање на проблематиката со микробиолошка контаминација на отпадните води

- Добивање на производи со високи нутриционистички вредности

- Добивање на производ што може да се користи за сите земјоделски култури а со тоа да се добијат еколошки производи со што земјоделците би ги исполниле критериумите на EUREPGAP - системот за органско производство;

- Добивање на производство без придружба на патогени микроорганизми

- Добивање на производство кај кој се елиминирани сите животни биопродукти



***Сл.23 Систем за одведување на течен отпад***



***Сл.24 Лагуна за собирање на отпад***



***Сл.25 Место за отпад***

Осветлување на објектот е вештачко и контролирано со регулатор на светлина, тајмер и флуоросцентно оранж светилки на местата на прасилиште. Светлосниот интензитет треба да има изведена во сите делови на објекти и треба да изнесува во согласност со барањата на категоријата на свињата.



***Сл.26 Систем за греење на прасиња***

А.4. И**спорака** – По завршување на процесот на тов врз основа на договори за испорака на свињите се товарат со возила на договорената страна и се изнесуваат од објектот.

**Б. Производство на добиточна храна**



***Сл. 27 Конструкција на млинот за производство на добиточна храна***



***Сл.28 Влезна врата на млинот***



***Сл.29 Таван на Инсталацијата***



***Сл.30 Ѕидови на млинот***



***Сл.31 Внатрешност на млинот***



*Сл.32 Електрична инсталација*

А.1. **Простор за прием на суровини во погон за производство на сточна храна** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство. Одреден дел од суровините бидејќи се во вреќи се истоваруваат на палети во непосредна близина на млинот за производство.




*Сл.33 Суровини за производство*

А.2. **Простор за прием на житни култури** – низ посебен систем за дотур на житни култури кој е во погонот за производство на сточна храна се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носат до млин за мешање на храната а од тука храната со систем на цевни транспортери се носи до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот. ,








***Сл. 34 Опрема на млинот***

Транспортното возило за пренос на сточната храна е возило кое што е затворено од сите страни што значи дека нема можност за атмосферски влијанија. Возилото е покриено со непропустлив материјал преку целата негова површина. Во било кој период нема никаква опасност околу нарушување на безбедноста на храната.

Возилото пред секое уфрлање на суровини се дезинфицира по мерките и прописите за дезинфицирање на објекти, површини и простори. Комплетната затвореност на возилото значи дека е елиминирано секакво атмосферско влијание.

А.3. **Регистрирање во деловни книги и прием на материјалот во погон за производство** – по приемот во магацинот се заведува суровината, материјалите и сл во деловните книги со сите декларации, декларации за квалитет и сл. со што се врши и прием на материјалот спремен за производство.

А.4. **Процесирање во погонот за производство на сточна храна –** Објектот за производство на сточна храна е опремен со специјализирана опрема која се состои од:

- два силоси по 250 тони за сместување на житарици – пченка, пченица и соја
- три силоси за готова храна по 5 тона
- 4 силоси за готова храна по 2.5 тона
- систем за климатизација
- систем за автоматска припрема на добиточна храна



*Сл. 35 Опрема за процесирање*

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот на погонот

Останатите адитиви се дотураат рачно во млинот со претходно одмерување

Отпадот кој се создава при производство на сточна храна се во голема мера натрон вреки кои се собираат се врзуваат и се носат на определено место од каде се предаваат на овластени компании за таа намена.

На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина.

Осветлување на објектот е вештачко и природно. Светлосниот интензитет е изведен во сите делови на погонот но се избегнува работа надвор од работното време.

А.4. И**спорака** – По завршување на процесот се носи храната надвор во соодветен силос и од тука се носи преку систем на цевен транспортер до местото каде за истата има потреба.



***Сл.36 Поврзаност на млинот за силос за испорака***

- **Санитарни простории**

Санитарните простории се сместени во поодделни простори и тоа: простор за мијалници и простор со тоалет шолји.

Вратите на санитарните простории се отвораат према надвор.

**3.3. Општи барања за инсталацијата**

Основните барања и критериуми за **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** опфаќаат:

***- оптимизација на просторот;***

***- јасно дефинирани зони на сите нивоа, групирање на функциите со цел обезбедување конзистентост и непосредност во давањето услуги;***

***- архитектонско обликување на објектите;***

***- внимателно оформување на пристапот до објектот;***

***- проектирање според принципите на одржливост на градбите и околината***.

Со цел да се обезбеди квалитетен и функционален простор треба да се одговори на следните општи барања за:

**А. Ефикасност и ефективност**

- ефикасен логистички систем

- ефикасно да се искористи просторот (по можност со лоцирање на помошните содржини така да бидат заеднички/да ги делат две соседни функционални целини)

- флексибилност и можност за иден развој

- употреба на општи димензии на просториите и стандарден начин на нивна организација, наместо иновативни и единствени

- користење модуларни, лесно пристапни и променливи механички и електрични системи

**Б. Пријатен амбиент**

- употреба на соодветни материјали

- употреба на соодветни обработки и одбегнување на оние коишто негативно влијаат на производството или вознемирување на вработените

- користење на природно светло секаде каде што е можно, а таму каде што не е, осветлување со светилки со ,,дневна светлина,, во согласност со природата на производствениот процес

**В.Хигиена**

- лесно чистење и одржување

- примена на соодветни и трајни завршни обработки за секој функционален простор

- внимателен избор на деталите за елементи за финална обработка на просториите (довратници, лајсни - транзициони или завршни и сл. така да се избегнат жлебови или спoеви, кои собираат нечистотии)

- соодветно лоцирање на просториите за чување средства за чистење

**Г. Пристапност**

- јасна забележаност на вратите во делот на производствените простори

**Д. Обликување**

- компатибилност на надворешниот изглед со околината

- зголемена употреба на природно светло, природни материјали и обработки

**Ѓ. Безбедност и сигурност**

- да се заштити имотот и средствата на објектот - да се заштитат сите категории на корисници на објектот

- да се обезбеди безбедна работа на персоналот

**Е. Одржливост**

- изборот на материјалите и инсталациите треба да обезбеди одржлив објект (дневно светло, штедење на вода и струја, нетоксични материјали и завршни обработки, лесна употреба и одржување)

**Ж. Елиминирање на амбиентални предизвикувачи на стрес**

- објектот да претставува средина со успокојувачки, смирувачки амбиент

- визуелна и звучна приватност

### 3.4. Мерки на сигурност и техничка заштита

Потребните мерки за сигурност и техничка заштита на оваа Инсталација се следните:

- да се почитуваат и применуваат сите законски одредби и прописи за безбедност и здравје при работа како и посебните упатства од работодавачот

- да се запазуваат сите потребни барања и услови кои се составен дел од **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , во делот на стандардите, нормативите и законските одреди за изведување на ваков вид на работи

- да се води сметка и евиденција за личната заштитна опрема на вработените согласно пропишаните законски одредби и нормативи

- да се врши тековно одржување и чистење на **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

#### 3.4.1 План за одржување на хигиена

Хигиената на просторот и уредите се одржува со средства наменети за објектот според упатствата на производителите.

Планот за хигиена е во согласност со Прирачникот за добра хигиенска пракса и согласно Процедура за одржување на опрема

### 3.5 План за менаџирање со отпад

Како отпад од Инсталацијата и нејзините делови се јавува:

- Отпадна вода од перење на објектот
- отпадна вода од тоалетите
- цврст комунален отпад
- течен измет од свињи
- отпад од пакување
- цврст отпад од одгледување на свињите – измет
- отпад од изумрени свињи

**а.Цврст отпад – комунален отпад и отпад од пакување** –се дислоцира во контејнери на посебно за таа намена место кое ќе биде означено согласно Програмата за мерки за подобрување на животната средина и за која има склучено Договор со овластено комунално претпријатие

**в**. **Водата од перење, тоалети** се испушта во септичка јама со постојана контрола од самиот почеток.

Целокупното менаџирање со отпад се одвива врз следните документации:

- Процедура за менаџирање со отпад
- Програма за обука за депонирање на отпад
- Технолошка постапка за депонирање на отпад

- Мапа со означени места за депонирање на отпад

Ракувањето со материјалите е во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот (Сл. Весник на РМ бр. 68/2004 и исправка бр. 71/2004), а отпадот е класифициран според Листата на видови на отпади (Сл. весник на РМ бр. 100/2005).

Отпадот од изметот од свињите се дистрибуира по претходно утврден План и динамика на обработливо земјоделско земјиште



***Сл.37 Возило за одвезување на течен отпад***

Отпадот од изумрени свињи се депонира на соодветно означено и обезбедено место - јама од надворешни влијанија и се третира со вар како би се спречиле контаминации на околината

Во своите развојни планови компанијата има предвидено:

- Нови инвестиции за зголемување на квалитетот на своите активности во **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

Кај Операторот, **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** не е воспоставен систем за управување со животната средина. Управувањето на инсталацијата и нејзините делови (подинсталации) е доверено на вработените во организацијата.

Дел од активностите во Инсталацијата се доверени на надворешни соработници/ организации.

Целокупниот процес е даден во прилозите на барањето

- **Состојба со животната средина на просторот околу Локацијата**

Општина Гевгелија се наоѓа во најјужниот дел од Република Македонија, на самата граница со Република Грција, на надморска височина од 64 м и на простор од 485 км2. Во општината живеат 22.988 жители, од кои околу 15.685 жители во општинскиот центар Гевгелија.

Низ територијата на општина Гевгелија минува примарната оска на развојот која се протега по Вардарската долина во правец север-југ и претставува дел од коридорот 10.

Мошне важна е и пограничната позиција на општина Гевгелија со Република Грција, како и можностите за лоцирање на стопанските капацитети, кои бараат голем транспорт на суровини и готови производи, при што близината на Солунското пристаниште претставува значајна компаративна предност.

Поволно влијание треба да има новопредвидената идна "хоризонтална" врска - од Битола преку Мариово до Гевгелија, како сообраќаен правец кој ги поврзува источните и западните делови на Република Македонија и кој воедно ги интегрира најзначајните туристички простори

Просторот на Гевгелиската општина според микрорелјефот диференциран е на следните комплекси: рамничарски, падински, ридски и планински. Во рамничарските и падинските комплекси се одгледуваат претежно градинарски (домати, краставици, пиперки, зелка, кромид и сл.), некои индустриски и житни култури, луцерка и интензивни лозови насади. Во ридското подрачје застапени се житни и фуражни култури, полуинтензивни лозови насади и пасишта. Планинското подрачје е под шуми и пасишта.




***Сл.38 Поделба по општини***

- **Климатски карактеристики**

Широката отвореност на Вардарската долина, а со неа и на општината Гевгелија, кон Солунската котлина преку долината на Вардар условува силно влијание на медитеранската клима во овој регион. Ова влијание посебно е изразено во котлинскиот дел до 300 м.н.в, а помалку изменето е во ридското подрачје до 600 м.н.в. Планинската клима преовладува само во највисоките делови на Кожуф планина.

Вкупен број на сончеви часови во годината изнесува 2392 часа, што може да се спореди со неколку места крај Јадранското море и во Медитеранот воопшто.

Просечната годишна температура во Гевгелија изнесува 14,3°С.Најстуден месец во годината е јануари со просечна температура од 3,2°С, а најтопол е јули со просечна темепретаура од 25,7°С.

Просечната годишна сума на врнежи изнесува 745,2 мм3. Распоредот на врнежите не е рамномерен, најмногу ги има во есен, а најмалку во лето.

Просечниот број на денови со снежни врнежи изнесува 8,3 денови.

Просечната влажност на воздухот изнесува 71-72%, во зима 81-82%, а во лето се спушта до 56%.

Маглите во просторот на општината се ретка појава. Просечниот број на денови со магла изнесува 16,4. Маглите се јавуваат во есенските и зимските месеци, а најизразени се во декември со 3,3 денови.

Најизразени се ветровите Вардарец и Југ. Вардарецот се јавува од северен, а југ од југоисточен правец.



***Сл.39 Климатски појаси во државата***

Климатските карактеристики, исто како и почвените, се погодни за развој на земјоделието. За ова подрачје е значајно силното влијание на медитеранската клима.

Климатските погодности се: долг вегетациски период, високи температурни вредности, долг безмразен период, долг сончев сјај и сосема слаба облачност. Негативните влијанија на климата се во режимот и распоредот на врнежите, а во врска со тоа и во режимот на релативната влажност на воздухот. Иако, годишната сума на врнежи не е мала, тие се лошо распоредени, така што минимумот на врнежите и релативната влажност во вегетациската сезона се совпаѓа со максимумот на температурата на воздухот.

Хидрографските потенцијали на општината, поради недоволната искористеност, се недостапни за наводнување на поголемиот дел од вкупните обработливи површини. Во општината постојат и погодности за развој на сточарството и живинарството.

Климата овозможува природно распространување на бројни растителни шумски видови и на појава на повеќе растителни заедници. Подрачјето на општината има вонредно поволни природни услови од кои зависи опстанокот и репродукцијата на дивечот во слободна природа, но неговата популација е за повеќе од три пати пониска од онаа што ја овозможуваат природните услови

**- Состојба со животната средина од работата на Инсталацијата**

Како очекувани влијанија, и можни потенцијални загадувања на животната средина и основни показатели за степенот на загадување на животната средина што се јавуваат како резултат на процесите на вршење на дејноста во Инсталацијата се следните:

* Емисии во воздухот од отпадни гасови и прашина;

* Емисии во водите од отпадни технолошки и санитарни води, од миење на просториите, од одржување на хигиената на локацијата, од атмосферски отпадни води;

* Влијанија од отпадот,

* Емисии во почва,

* Влијанија од бучава, вибрации, нејонизирачко зрачење.

Инсталацијата, изградена е надвор од населените места, на многу големо растојание, така што најблиските постоечки објекти во кои се вршат дејности или активности се наоѓаат на поголемо растојание, а постоечки институции и/или објекти во кои се вршат здравствени, социјални или образовни дејности, се наоѓаат на поголемо растојание

Сите суровини употребени во припремата на добиточната храна претходно се проверени и не предизвикуваат штетно влијание врз животната средина, а при нивниот

избор се води сметка да имаат што помала содржина на контаминанти, така што би генерирале незначителни емисии во животната средина.

Самата природа на процесот на одгледувањето на свињи користи суровини кои се био разградливи и на база на природни суровини така што не постои опасност од штетно влијание врз животната средина.

Технологијата на одгледување на свињи во Фармата е така концептирана што претставува заокружена производна целина за производство на гоеници (свињи за колење), и нема загадување на животната средина, над дозволените концентрации и количества..

Во објектите на Фармата е инсталирана опрема за одгледување на свињи во согласност со Добрата Производна Пракса, а фармата располага и со друга опрема во функција на остварување на нејзините активности (системи за хранење, напојување, проветрување, греење и др.).

| | |
|---|---|
| Прилог 4 | е дадена Листата на градежни објекти |
| Прилог 5 | е дадена Мапата на локацијата |
| Прилог 13 | е дадена технолошката шема на процесот |
| Прилог 15 | е наведена ПРОЦЕДУРА ЗА СЛЕДЛИВОСТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ |
| Прилог 18 | е ОПИС НА ТЕХНОЛОШКАТА ПОСТАПКА |
| Прилог 19 | е ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ ЕЛАБОРАТ |
| Прилог 20 | е ПРИРАЧНИК ЗА ГМП |
| Прилог 21 | се дадени ПРАВИЛА ЗА ДПП И ДХП |
| Прилог 27 | е ДОГОВОР ЗА ВЕТЕРИНАРНИ УСЛУГИ |
| Прилог 28 | е ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ |
| Прилог 29 | е ЛИСТА НА ОПРЕМА |
| Прилог 30 | е ДОГОВОР ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА |
| Прилог 31 | ПРОЦЕДУРА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА |
| Прилог 33 | ПРОЦЕДУРА ЗА НАБАВКА |
| Прилог 34 | ПРОЦЕДУРА ЗА ОДОБРЕНИ ИСПОРАЧАТЕЛИ |
| Прилог 35 | ПРОЦЕДУРА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ВОДА |
| Прилог 36 | ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ СО КОНТАМИНИРАНА ВОДА |
| Прилог 37 | ПРОЦЕДУРА ЗА ХИГИЕНА НА ПРОСТОРИИ И ОПРЕМА |
| Прилог 38 | ПРОЦЕДУРА ЗА ЛИЧНА ХИГИЕНА И ЗДРАВЈЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ |
| Прилог 39 | ПРОЦЕДУРА ЗА ХИГИЕНА НА ОБЛЕКА |
| Прилог 40 | ПРОЦЕДУРА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНИ ВЛИЈАНИЈА |
| Прилог 41 | ПРОЦЕДУРА ЗА ВКРСТЕНА КОНТАМИНАЦИЈА |
| Прилог 42 | ПРОЦЕДУРА ЗА КОНТРОЛА НА ШТЕТНИЦИ |

Прилог 43 ПРОЦЕДУРА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ, БЕЗБЕДНО СКЛАДИРАЊЕ И УПОТРЕБА НА ТОКСИЧНИ СУПСТАНЦИИ,

Прилог 44 ПРОЦЕДУРА ЗА ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ

Прилог 45 КЛИМА

Прилог 50 ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

Прилог 51 ПРОЦЕДУРА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО НАДВОРЕШНИ СТРАНИ

Прилог 52 ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОПЛАКА ОД ОКОЛИНАТА

Прилог 53 ФАКТУРА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.

**ОДГОВОР**

Заради зачувување, и рационално и одржливо користење на природните богатства, **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** во целост ја прифаќа политиката во животната средина, со цел усогласување на економските интереси и обезбедување на висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Согласно ваквата поставеност, операторот се стреми да применува системи и процедури за управување, кои ќе спречат дејствија што претставуваат опасност за човековото здравје и животната средина, а со што се минимизира ризикот, се заштитуваат вработените и локалното население.

Имајќи ја предвид законската регулатива од сферата на животната средина, а заради спроведување на политиката и контролата во таа област, операторот подготви цел систем на обврски, почнувајќи од програмите и организационите шеми на работа, па се до воведување на нови технологии и оперативни процедури.

Активностите поврзани со заштита на животната средина, ја следат Политиката на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , во однос на заштитата на животната средина и респектот кон окружувањето.

Оваа Политика се базира на знаењето и свесноста на секој вработен, тимската работа, чувството на одговорност и професионална компетентност.

Организационата структура, и сите одлуки во врска со политиката на управувањето со животната средина дадени се во Прилог.

**ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** работи непрекинато 8 часа на ден, шест дена во неделата, со 4 вработени директно во Инсталацијата.

Управителот на Друштвото ја спроведува политиката за животна средина и одговара пред државата во име на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** .

Во **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**, постои менаџерски тим (Управител, Сопственици, Раководители), кој за грижа за животната средина, се состанува и ги преиспитува постојните аспекти и влијанието врз животната средина. Секој по своите функции одговара пред Управителот за аспектите на животната средина како и за перформансите на постројките.

Управителот определува претставник т.е. Одговорен за заштита на животната средина кој ги има сите одговорности во врска со животната средина, се грижи за обука на вработените од областа на заштитата и грижата за животната средина.

Во **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , вработените се со соодветна квалификација и оспособени за стручно и безбедно извршување на работните задачи. За секое работно место постои Опис на работите и работните задачи во кој врз регуларна основа и во соработка со Управителот, точно е даден описот на сите работни задачи за секое работно место. Работниците се распоредуваат според одобрена Систематизација на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** .

На работниците, согласно законот, се врши контрола на оспособеноста, при промена на работно место, воведување на нови техники при работа или некоја друга промена во работењето.

Новите вработувања се извршуваат согласно признатa и потврдена методологија, специфично за секое работно место. Секој нововработен се насочува на задолжително обука за извршување на својата работа, и се запознава со опасностите и штетностите во животната средина и мерките за безбедно извршување на работните задачи.

Со изработка на План за управување со Животната средина се опфаќаат сите барања и стандарди, анализи на мерења и оценка на влијанието врз животната средина. Оваа програма е составен дел од годишниот план за работа на Друштвото

Особено внимание во Планот е посветено на:

- определување и разграничување на одговорностите во врска со аспектите;
- идентификација, оценка и управување со значајните аспекти;
- усогласување со законските и други барања апликативни за спроведување на политиката за животна средина, одредување на цели и таргети;
- план за континуирано унапредување, заради постигнување на целите и таргетите;
- оперативна контрола за да се минимизира влијанието на значајните аспекти;
- превентивен програм за одржување на одредена постројка или опрема;
- план за итни ситуации и превенција од истите;
- мониторинг и мерења, мониторинг и системи за контрола, интерна проверка;
- обука и преквалификација;
- комуникација и известување за инцидентни или места на неусогласеност;
- корективни акции и анализи на неусогласеноста;
- преглед и известување за перформансите за животната средина;
- контрола на документи и податоци.

- **Управување и контрола преку спроведување на надлежностите од законската регулатива**

Новата законска регулатива од сферата на животната средина, ги регулира прашањата на управувањето и контролата на состојбите, квалитетот и промените на медиумите и областите на животната средина.

Законот за животната средина, како рамковен закон, воведува нови механизми, особено во влијанијата врз животната средина и мониторингот.

Секторските закони за одделните медиуми и области на животната средина; Закон за уравување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух, Закон за заштита од бучава во животната средина, ги уредуваат посебните прашања од тие области.

- **Информации за преземање мерки за перформансите на животната средина**

Заради превземање мерки за перформансите на животната средина, **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** врши интерен мониторинг на изворите на емисија кои се како резултат на вршењето на активностите, како и мониторинг на емисиите, односно, редовно ги следи емисиите во непосредна близина на изворите на емисија, и податоците, ги доставува до надлежниот орган

Надлежниот орган, редовно ќе биде известуван за резултатите од мониторингот, спроведуван согласно задолжителните услови, по добивањето на Интегрирана еколошка дозвола.

- **Обука и квалификации на вклучениот персонал**

Во **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** сериозно се обрнува внимание на обуката и квалификациите на вклучениот персонал, што е обезбедено преку структурата на управувањето, како и во сите акти на ниво на Друштвото, а особено преку:

- Секој работник има право да го усовршува своето знаење, способност и работна вештина, а заради поуспешно обавување на доверените работи и работни задачи.
- Преку непосредна работа на инсталацијата, се врши и едукација на вработените за идентификување на изворите на загадување во процесите на производство, при што се доаѓа и до профитабилни решенија.
- Преку тренинг на работниците во фирмата, се обезбедува база и методи за контролиран развој на производниот процес, и се обезбедува повратен ефект за

доверба на фирмата, со што се нагласува повеќекратниот ефект во работата на инсталацијата, како нов концепт за имплементирање.

- Се почитуваат предностите во превентивната заштита, и се охрабруваат вработените во активностите за избегнување на загадувањата, во стартот, со оптимализација на користењето на природните извори, особено водата и енергијата.
- Со обука и квалификација на вклучениот персонал, се демонстрира имплементација на искуства од економијата, алтернативните технологии, превенцијата од загадување, и заштеда на суровините преку мерки за редукција на репроматеријалите кои ја загадуваат животната средина, а генерираат економски заштеди, преку постепено променување на технологијата.
- Се следат најновите сознанија постигнати на полето на технолошкиот развој, квалитетот и се врши нивна апликација во технолошкиот процес.
- Се следат нови производи, нови технолошки решенија, а заради подобрување на квалитетот на постоечките производи, без нарушување на квалитетот.
- Се врши набавка на стручна литература, корисна за работата и развојот на Друштвото.
- Се следат сите прописи и се врши нивна ефикасна и доследна примена во Друштвото.
- Лицата вработени во системот, учествуваат во подготовката на Внатрешниот план за вонредни состојби, со што ќе се овозможи негово беспрекорно спроведување.

- **Програма за управување со животната средина**

**ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** со цел зачувување, рационално и одржливо користење на природните богатства, во целост ја прифаќа политиката во животната средина, а заради усогласување на економските интереси со животната средина и обезбедување висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето, без притоа да се загрозат правата на идните генерации, да ги задоволуваат своите потреби.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места, потенцирано е управувањето со животната средина, како на ниво на организационите целини, така и на ниво на секое работно место.

При тоа, Програмата за управување со животната средина ги опфаќа следните генерални политики;

- Структура на управувањето на локацијата,
- Нивоа на одговорност во управувањето со животната средина
- Одговорност во работата на инсталираните системи
- Намалување и третман на загадувањата

- Обука и квалификација на вклучениот персонал
- Системи за одржување
- Системи за контрола на отпад
- Системи за квалитет за контрола на фирмата

**- Изјава за управување со животната средина**

Со цел, управувањето со животната средина, да овозможи применување на системи и процедури за управување и контрола, **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** ќе ги преземе следните активности:

- Согласно обврските од соответните прописи од сферата на животната средина, а со цел придржување кон законските норми, **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** истите ги внесува во своите Програми и Организациони шеми на работа, што со други зборови значи дека, животната средина претставува дел од работата на сите вработени.
- Имајќи ја предвид законската регулатива од сферата на животната средина, а заради спроведување на политиката во управувањето со животната средина, ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА, ќе подготви цел систем на обврски кои што произлегуваат од таа легислатива.
- Преку воведување на нови технологии и оперативни процедури, при обавувањето на дејностите, ќе се постигне целта за минимизирање на ризикот, заштита на вработените и локалното население.
- Согласно ваквата поставеност, ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА како оператор, ќе се залага да применува системи и процедури за управување со животната средина, кои ќе спречуваат дејствија кои претставуваат опасност за човековото здравје и животната средина.

**- Изјава за политика за животната средина**

Главните постулати во реализацијата на целите на Политиката за животната средина, во ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА, кои истовремено се и целосно вградени во севкупните активности, ќе се базираат врз следните основи:

- При превземањето на активностите, и вршењето на дејностите, задолжително ќе се води сметка за рационалното и одржливо користење на природните богатства, без протоа да се загрозат правата на идните генерации, да ги задоволуваат сопствените потреби.
- Во рамките на активностите, ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА ќе промовира и ќе обезбедува подигнување на јавната свест за животната

средина на своите вработени, за нејзиното значење, како и за потребата за активно учество во нејзината заштита и унапредување.

- Ќе се чуваат податоците за користење на суровини и енергија, за емисиите на загадувачките материи и супстанции, за видовите, карактеристиките и количествата на создадениот отпад, како и другите податоци, предвидени со Закон.
- Ќе се чуваат сите документи и податоци во врска со Барањето, издавањето, мониторингот, предвидени со условите во Интегрираната еколошка дозвола, и истите ќе се направат достапни по барање на надлежниот орган и инспектор.
- Редовно ќе се доставуваат податоци за изготвување и одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции, како и изготвување и одржување на Катастарот за животната средина.
- Ќе се спроведува Локалниот Еколошки Акционен План на општината, во делот на определената надлежност за спроведување на Планот.
- Ќе се обезбедува целосна асистенција на инспекторите кои ќе вршат инспекција на инсталацијата, ќе се обезбедува пристап до местата каде што ќе се земаат мостри, и до точките на мониторинг.
- За предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот за постапување во случај на хаварија, ќе бидат информирани лицата на кои би влијаела хаваријата, предизвикана од системот.
- За настаната хаварија, веднаш ќе биде известен надлежниот државен орган, и ќе му бидат доставени податоците кои се однесуваат на: околностите во кои се случила хаваријата, присутните опасни супстанции за време на, и после хаваријата; податоци за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина до кои дошло како резултат на хаваријата; преземените вонредни мерки.

Прилог 6 ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА
Прилог 8 ОДЛУКА ЗА ОДОВОРНО ЛИЦЕ ЗА ОТПАД
Прилог 9 ПОСВЕТЕНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ
Прилог 10 ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА,
Прилог 11 ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Прилог 12 ПРОГРАМА НА МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓу производите.

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба) - Табела IV.1-1

**ОДГОВОР**

Инсталацијата преставува место каде се врши одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна во близина на Гевгелија

Избраното технолошко решение кое е применето во Инсталацијата е т.н. **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** како дел од деловен простор - сопственост на компанијата ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Процесот на одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна е со едноставен алгоритам и се изведува во следните фази:

- Прием на суровини во магацин
- Регистрирање во деловни книги
- Прием на храна во силос за сместување на сточна храна
- Процесирање во објект – хранење, поење, оплодување, прасење
- Испорака до деловна единица за трговија

- **Опис на суровини и помошни материјали / готови производи**

Основните суровини, кои се користат за извршување на планираните активности на Инсталацијата и нејзините делови, воглавно претставуваат материјали кои не содржат опасни супстанции и кои се специјални за ваков вид на Инсталација.

Поголем дел од суровините претставуваат состојки кои се користат во целост, без остатоци, поради што не постои штетно влијание на околината или со остатоци кои не се штетни за природата

Во сточната храна веќе се користи и препарат кој е изработен на растителна основа а кој служи за големо намалување на присуство на амонијак во објектот и намалување на мирисот на свињарската фарма. Препаратот е даден во Прилог 16 Сертификати на суровините

| Ref. Br ili | Materijal/ Supstancija[(1)] | CAS[(4)] Broj | Kategorija na opasnost[(2)] | Momentalno skladirana koli~ina (toni) | Godi{na upotreba (toni) | Природа на употребата | Р-Фраза[3] | С-Фраза [3] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **АРТИКЛ** | | | | | | | |
| 1. | Пченка | / | / | 30-35 т | 360-420 т | За припрема на сточна храна | / | / |
| 2. | Јачмен | / | / | 15-20 т | 180-240 т | За припрема на сточна храна | / | / |
| 3. | Соино куспе | / | / | 6-12 т | 72-144 т | За припрема на сточна храна | / | / |
| 4. | Премикси и адитиви | / | / | 2-3 т | 24-36 т | За припрема на сточна храна | / | / |
| 5. | Дезинфициенс - еко | / | / | 10-20 л | 120-240 л | За дезинфекција | / | / |
| 6. | Вода | / | / | 4-6 т | 48-72 т | За поење на свињи | / | / |

1. Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.
2. Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на РМ 12/93)
3. Според Анекс 2 од додатокот на упатството
4. Цхемицал Абстрацтс Сервице

Прилог 14 ЛИСТА НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

Прилог 15 ПРОЦЕДУРА ЗА СЛЕДЛИВОСТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ

Прилог 16 СЕРТИФИКАТИ ЗА СУРОВИНИ

Прилог 17 ПРОЦЕДУРА ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВИНИ И ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ

## V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба) - Табела V.1-1.

| Реф. бр. | Вид на отпад/ материјал | Број од Европски каталог на отпад | Количина | | Преработка одложување | Метод и локација на одлагање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина по месец [тони] | Годишна количина [тони] | | |
| 1. | Органски отпад измет | 02 01 06 | 80 | 1000 | Отпадот се носи преку систем на одведување во лагуна од таму во јама | По третманот на изметот ѓубрето го земаат земјоделци за ѓубрење на земјоделскуте површини со кои има склучено Договор |
| 2. | Отпад од амбалажен материјал (фолија) | 15 01 02 | 0,10 | 1,2 | Отпад надвор од инсталацијата | Договор со овластено правно лице |
| 2. | Отпад од амбалажен материјал (картон) од пакување и производство | 15 01 01 | 0,10 | 1,2 | Се формираат бали | Балите од хартија ги откупува Овластена правно лице |
| 3. | Комунален отпад | 20 03 01 | 1m$^2$ | 12m$^3$ | Одложување во метален контејнер | Го празни ЈП |
| 4. | Мртви животни | 02 02 02 | 0.4 т | 5 т | Одложување во јама | Одлагање и затрупувцање на локација на Инсталацијата |

Прилог 22 ПРОЦЕДУРИ ЗА ОТПАД

Прилог 23 ТЕХНОЛОШКА ПОСТАПКА ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА ЦВРСТ ОТПАД

Прилог 24 МАПА СО ОЗНАЧЕНИ МЕСТА (ЛОКАЦИИ) ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАД

Прилог 25 ДОГОВОР ЗА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Прилог 26 ДОГОВОРИ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ОТПАД СО ИМОТНИ ЛИСТОВИ

## VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.

Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пр. складирање на отворено.

**(НЕ Е ПРИМЕНЛИВО)**

| Извор на емисија | Детали за емисијата | | | | Намалување на загадувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| Референца/бр. на оџак | Висина на оџак [m] | Супстанција /материјал | Масен проток [mg/Nm$^3$] | Проток на воздух [ Nm$^3$/час ] | Тип на филтер/циклон/скрубер |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Апликантот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.

Пополнете ги следните табели VI.1-1 і VI.1-2 (додадете дополнителни редови по потреба)

Само за котли со моќност повеќе од 250 kW (малите котли се исклучени):

**(НЕ Е ПРИМЕНЛИВО)**

| | | |
|---|---|---|
| **Капацитет на котелот**<br>Производство на пареа:<br>Термален влез: | kg/час<br>MW | |
| **Гориво за котелот**<br>Тип: јаглен/нафта/*LPG)/гас/биомаса итн*.<br>Максимален капацитет на согорување<br>Содржина на сулфур: | kg/час<br>% | |
| NOx | mg/Nm$^3$<br>при (0ºC. 3% $O_2$(Течност или гас), 6% $O_2$(Цврсто гориво) | |
| Маскимален волумен на емисија | m$^3$/час | |
| Температура | ºC(min) | ºC(max) |
| Периоди на работа | час/ден | Денови/годишно |

За други големи извори на емисии во производството:

Нормалните услови за температура и притисок се: **0ºC, 101.3 kPa**

Согласно претежната дејност на Операторот (одгледување на свињи), во Инсталацијата се присутни следните емисии, и тоа:

- Емисии во атмосферата,
- Емисии во површинските води (во исклучителни околности),
- Емисии во почвата и
- Емисии од бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење.

Во Инсталацијата нема емисии во канализација (отпадните води се одведуваат во затворен систем на канализација и се одложуваат во земјани лагуни, во границите на Инсталацијата).

Инаку, активностите кои произлегуваат од претежната дејност, Операторот ја врши во строго определен и заграден простор, без можност на никакви надворешни влијанија.

Природата на дејноста, одгледување на свињи, која се врши во објектите на Инсталацијата и нејзините делови, укажува на компонентите кои се емитираат во воздухот, како производ на процесите кои се одвиваат во нив.

Во ненасочената емисија на компоненти во атмосферата доминираат материи кои се продукт од распаѓање на органските материи и физиолошките процеси на животните (екскременти). Тие се карактеризираат со непријатна миризба, но нема таква концентрација на штетни материи кои би ја надминале максимално дозволената концентрација и штетно би влијаеле врз животната средина и природата.

Отпадните гасови, воглавно содржат амонијак ($NH_3$) и јаглендвооксид ($CO_2$), а во одредени околности (анаеробни процеси) и метан ($CH_4$).

Емисиите во атмосферата од Инсталацијата и нејзините делови, воглавно потекнуваат од следните извори:

- Вентилациони отвори на објектите за одгледување на свињите,
- Земјаните базени (лагуни), во кои се одлага отпадната вода од изѓубрувањето и перењето на објектите за одгледување на свињите,
- Отворените бетонски базени за одлагање на ѓубривото (екскременти и простирка) од објектите-прасилиште и
- Платото за привремено одлагање на милта од земјаните лагуни и базени за ѓубриво од објектите прасилишта.

Параметрите кои влијаат на емисиите на $NH_3$ поврзани со хранењето на животните се:

- Внесувањето на храна во зависност на тежината и возраста на животното, затоа што животните од различните категории имаат различен метаболизам на азотот и добиваат различна храна,
- Количина на азотот во храната,
- Количина на азот во растурот на храната и постилката,
- Распределбата на азотот во фецесот и урината,
- Честота на уринирање, волумен на урината и концентрацијата на азот,
- pH на урината и мешавината на измет (фецес) и урина и
- Факторот на претворба на азотот во храната и азотот во производите (месо) кое ги определува количините на азот во екскрементите.

Потенцијален извор на емисии во атмосферата може да се смета и отвореното одложување на ѓубривото. Одложувањето на цврсто ѓубриво предизвикува емисии на амоњак, метан и други компоненти кои предизвикуваат миризба.

Исцедокот од цврстото ѓубриво исто така може да се смета за емисија.

Емисиите од одложувањето на ѓубриво зависи од повеќе фактори:

- Хемиски состав,
- Физички својства (% на цврсти материи, pH, температура),
- Површина на емисија,
- Климатски услови,
- Покривање на ѓубривото.

Најважни од факторите се % на сува материја како и содржината на Н во истата, која зависи од начинот на исхрана. Интензивното одгледување на свињи вклучува различни емисии од активностите како што се складирање на храната, системи за хранење, домувањето, одложување на биолошки материјали, отстранување на отпадот или негово складирање, третирање на отпадот на самата локација и води од самата локација.

Миризбата од објектите се контролира на ниво кое не предизвикува нарушување надвор од границите на локацијата преку примена на Добрата Фармерска и Добрата Хигиенска Пракса при одгледувањето на животните и ракувањето со екскрементите и нуспроизводите од животинско потекло.

Според дадените податопци за изворите на емисии во атмосферата, констатирано е дека емисии во атмосферата има и дека тоа е нормална појава при одгледувањето на свињи, но истите не ги надминуваат максимално дозволените концентрации и количества.

Во фугитивната емисија на компоненти во воздухот доминираат материи кои се продукт од распаѓање на органските материи и физиолошките процеси на животинските екскременти (фецес и урина). Истите се карактеризираат со непријатна миризба, но нема таква концентрација на штетни материи кои би ја надминале максимално дозволената концентрација и штетно би влијале врз животната средина и природата. Миризбата од објектите се контролира на ниво кое не предизвикува нарушување надвор од границите на локацијата преку примена на Добрата Фармерска и Добрата Хигиенска Пракса при одгледувањето на животните и ракувањето со екскрементите на локацијата. Од друга страна предвидени се мерки за подобрување на животната средина а се користат и одредени микроелементи во сточната храна за намалување на мирисот од фармата

Свињарската фарма е лоцирана во кругот на обработливо земјоделско земјиште на доволна оддалеченост од стамбените објекти, што е во согласност со

Правилникот за класификација на објектите што со испуштање на штетни материи можат да го загадат воздухот во населените места и формирање на зони на санитарна заштита. Според споменатиот Правилник, свињарските фарми, спрема капацитетот, спаѓаат во објекти од трета класа, каде е потребно растојанието до населено место да е од 601 до 1.000м.

Инсталацијата за интензивно свињарство на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА е на поголемо растојание од 1.000м во однос на првите куќи, со што е исполнет условот согласно со споменатиот Правилник.

Општа е констатацијата дека свињарската фарма не врши загадување на воздухот со штетни материи и согласно со постоечките важечки нормативи не е потребна посебна заштита.

Врз основа на Лабораторискиот извештај, изготвен од страна на овластена лабораторија даден е во Прилог, за органолептичко определување на мирис во околина на свињарската фарма на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**, не е забележана миризба при температура од амбиентниот воздух од $17^0$Ц, и без присуство на ветер, на соодветна оддалеченост од Инсталацијата.

Емисии во атмосферата (цврсти честички и отпадни гасови од согорувањето, како што се: $CO_2$, CO, NOx и др.), како резултат на согорувањето на цврсти или течни горива, не се продуцираат, бидејќи затоплувањето на објектите се врши со помош на електрична струја, поради што во Инсталацијата нема емисија на штетни материи во атмосферата од согорување.

Прилог 55 ИЗВЕШТАЈ ОД МЕРЕЊЕ НА БУЧАВА, ПРАШИНА И МИРИС

## VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс 2 од Додатокот на Упатството.

Потребно е да се дадат детали за сите супстанциии присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класифицкација на водите (Сл. Весник 18-99). Треба да се вклучат сите истекувања на површински води, зедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.

Пополнете ги Табелите VII.1-1, VII.1-2 и VII.1-3

**(НЕ Е ПРИМЕНЛИВО)**

| Параметар | Пред третирање | | | | После третирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на супстанција | Макс. Просек на час [mg/l] | Макс. Дневен просек [mg/l] | kg/ден | kg/год. | Макс. просек на час [mg/l] | Макс. Дневен просек [mg/l] | Вкупно kg/ден | Вкупно kg/год. | Идентитет на реципиентот [6N;6E][1] |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Следените табели треба да се пополнат во случај на директно испуштање во реки и езера.

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем : _______________

(НЕ Е ПРИМЕНЛИВО)

[1] Согласно Националниот координатен систем

| Параметар | Резултати (mg/l) | | | | Нормален аналитички опсег | Метода/техника на анализа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Датум | Датум | Датум | Датум | | |
| pH | | | | | | |
| Температура | | | | | | |
| Електрична проводливост μS | | | | | | |
| Амониумски азот $NH_4$-N | | | | | | |
| Хемиска потрошувачка на кислород | | | | | | |
| Биохемиска потрошувачка на кислород | | | | | | |
| Растворен кислород $O_2$(р-р) | | | | | | |
| Калциум Ca | | | | | | |
| Кадмиум Cd | | | | | | |
| Хром Cr | | | | | | |
| Хлор Cl | | | | | | |
| Бакар Cu | | | | | | |
| Железо Fe | | | | | | |
| Олово Pb | | | | | | |
| Магнезиум Mg | | | | | | |
| Манган Mn | | | | | | |
| Жива Hg | | | | | | |

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем:

| Параметар | Резултати (мг/л) | | | | Нормален аналитички опсег | Метода/ техника на анализа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Датум | Датум | Датум | Датум | | |
| Никел Ni | | | | | | |
| Калиум K | | | | | | |
| Натриум Na | | | | | | |
| Сулфат $SO_4$ | | | | | | |
| Цинк Zn | | | | | | |
| Вкупна базичност (како $CaCO_3$) | | | | | | |
| Вкупен органски јаглерод TOC | | | | | | |
| Вкупен оксидиран азот TON | | | | | | |
| Нитрити $NO_2$ | | | | | | |
| Нитрати $NO_3$ | | | | | | |
| Фекални колиформни бактерии во раствор ( /100мл) | | | | | | |
| Вкупно бактерии во раствор ( /100ml) | | | | | | |
| Фосфати $PO_4$ | | | | | | |

Од комплексот на Инсталацијата или поточно од последната земјана лагуна, во која се собира течната фракција, условно прочистена по завршениот биодеградациски процес нема оптеретувања на биолошкиот капацитет на водите на евентуални речни корита.

Земјаниот канал кој е суво речно корито во непсоредна близина на Инсталацијата има основна намена да ги зафаќа атмосферските води во случај на поплави и е сув во текот на целата година. Во случај на истекување на водите кои се слеваат од платото за ѓубриво во каналот тие води воопшто не стигнуваат до површинскиот реципиент заради релативно малата количина на вода и оддалеченоста од површинскиот реципиент.

Заради тие причини, не постои опасност од контаминација на површинскиот реципиент, суви речни коритра.

Местото на вливање на секоја од лагуните, се дефинирани како емисиони точки во површински води и се предвиденио како точки за мониторинг за потребите на барањето за еколошка дозвола. Во секојдневното работење на Инсталацијата нема емисии во површинските води.

Отпадните води, кои се создаваат во Инсталацијата (течно ѓубриво, отпадна вода од миење и чистење на објектите за одгледување на свињи и отпадните санитарни води) се одведуваат во систем на земјани базени (лагуни), за нивен понатамошен третман.

Во земјаните базени (лагуни) се одвива процес на декантација на течното ѓубриво (суспензија во вода на екскременти и механички честички), те. издвојување на цврстата од течната фракција, при што се одвиваат и биодеградациски процеси на содржаните органски материи, по природен пат.

По завршената конечна декантација и исушување, цврстата фракција (мил) се одлага на определена локација за привремено одлагање, од каде се транспортира до земјоделските површини, на кои се користи за фертилизација.

Течната фракција се префрла (прелива) од една во друга лагуна, при што биодеградацијата продолжува, така да течната фракција во последната лагуна достигнува задоволително ниво на содржаните материи.

Процесот на биодеградација по природен пат е долготраен (повеќе месеци), при што значителни количини на течноста испаруваат (посебно во летниот период), а дел се впиват во почвата.

Прилог 56 ИЗВЕШТАЈ ОД АНАЛИЗА НА ВОДА

Прилог 57 ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД МЖС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА

## VIII. ЕМИСИИ ВО ПОДЗЕМНИ ВОДИ И ПОЧВА

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата.

Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историско или моментално загадување на самата локација или подземно загадување.

**ОДГОВОР**

Во Инсталацијата има емисии во почвата, преку:

- Одложување на отпадните води (течно ѓубриво) од објектите за одгледување на свињи, во земјаните лагуни,
- Одложување на цврстиот отпад (мил) од земјаните лагуни, по завршениот процес на декантација на отпадните води,
- Одложување на цврстото свинско ѓубриво (екскременти со простирка), од објектите за прасење-прасилишта и
- Одложување на труповите на умрените (угинатите) животни.

Поради природата на работните активности, има потенцијална опасност за загадување на подземните води од таложењето на ефлуентите во лагуните и загадувањето на подземните води со привременото депонирање на ѓубривото и умрените животни, но истите се следат со континуирани анализи на подземните води, во случајот со контрола на водата од бунарот, преку кои се врши снабдувањето со вода за пиење и водење на технолошкиот процес на фармата

Бунарот е во соспственост на Операторот и е лоциран во непосредна близина на фармата за свињи. За неа има добиено мислење дека ситиот може да се користи без водно право заради малата количина на вода и издашност од бунарот

Водата се црпи и редовно се хлорира со помош на хлоринатори со што се избегнати секакви несакани небрежности предизвикани од човечки фактор. Бунарот е заштитен од секакви надворешни влијанија или загадувања.

Водата редовно се контролира од страна на овластена компанија, а резултатите од анализите покажуваат дека водата е исправна за пиење и за користење во процесот.

Иако анализите на квалитетот на подземните води кои воедно се користат за снабдување со вода на Инсталацијата, покажуваат дека не постои никаква контаминација, заради избегнување на можноста за поголемо загадување на подземните води, потребно е сепак контролирано следење на нивниот состав и со тоа соодветно превземање на мерки за анулирање на негативните дејства.

Емисиите во почва од цврстиот отпад т.е. свинското ѓубриво, на локацијата за привремено одлагање на ѓубривото, може да се каже дека се минимални, бидејќи

ѓубривото, во релативно кус период се носи на земјоделските површини за ѓубрење (не се депонира, а со тоа и не се компостира), со што се намалува можноста за штетно влијание врз подземните води (во случајот, ѓубривото се користи за ѓубрење на лозов насад и насад од вишни.

Во Инсталацијата секојдневно се врши контрола на умрени (угинати) животни, кои се последица на применетата технологија на одгледување на свињи, а има и поединечни случаи, кога животните умираат од некое воспаление или повреда, а лешевите од умрените (угинатите) животни се третираат со закопување во земјана јама, при што врз нив се посипува вар, а потоа и слој од земја.

Оваа постапка е прифатлива, доколку се применуваат Добрите Фармерски Пракси, што е во согласност со одредбите на Законот за нуспроизводи од животинско потекло.

Определената локација за нештетно отстранување на лешевите од умрените (угинатите) животни се наоѓа надвор од кругот на фармата, а во рамките на границите на Инсталацијата.

Овие емисии немаат влијание на подземните води, што се гледа од анализите на водата за пиење и за технолошки потреби, која за Инсталацијата се обезбедува од сопствените бунари, лоцирани во непосредна близина на Инсталацијата.

Прилог 54 ИЗВЕШТАЈ ОД КВАЛИТЕТ НА ПОЧВА

## IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, мил, пепел), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. цевно испуштање, резервоари).

| Идентитет на површината | Земјоделски површини |
|---|---|
| Вкупна површина (ha) | Во согласност со Договори за услуги и соработка дадени во Прилог 26 со имотни листови |
| Корисна површина (ha) | Во согласност со Договори за услуги и соработка дадени во Прилог 26 со имотни листови |
| Култура | Во согласност со Договори за услуги и соработка дадени во Прилог 26 со имотни листови |
| Побарувачка на Фосфор (kg P/ha) | / |
| Количество на мил расфрлена на самата фарма ($m^3$/ha) | / |
| Проценето количесто Фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha) | 31.31 |
| Волумен што треба да се аплицира ($m^3$/ha) | / |
| Аплициран фосфор (kg P/ha) | / |
| Вк. количество внесена мил ($m^3$) | / |

Прилог 45 КЛИМА

Прилог 54 ИЗВЕШТАЈ ОД КВАЛИТЕТ НА ПОЧВА

## X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласност со локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ / само преку ден / повремено).

Пополнете ја Табелата X.1-1. За амбиентални нивоа на бучава пополнете ја Табелата X.1-2.

Наведете ги изворите на вибрации и на нејонизирачко зрачење (топлина или светлина).

| Извор на емисија Референца/бр | Извор/уред | Опрема Референца/бр. | Интензитет на бучава dB на означена одалеченост | Периоди на емисија [број на часови претпладне./ попладне.] |
|---|---|---|---|---|
| MM1 | Влез во локација | Sound level meter Delta Ohm HD2010PNE2 | 46,20+2.75 | 08:10-08:20 |
| MM2 | Во близина на силоси | Sound level meter Delta Ohm HD2010PNE2 | 52,30+2.75 | 08:30-08:40 |
| MM3 | 10 м од хала на свињарсата фарма | Sound level meter Delta Ohm HD2010PNE2 | 41,20+2.75 | 08:50-09:00 |

Обележете ги референтните точки на локациската мапа и на опкружувањето.

За амбиентални нивоа на бучава:

| Референтни точки: | Национален координатен систем | Нивоа на звучен притисок (dB) | | |
|---|---|---|---|---|
| | (5N, 5E) | $L(A)_{eq}$ | $L(A)_{10}$ | $L(A)_{90}$ |
| Граници на локацијата | | | | |
| Локација 1: | / | / | 58,5+2.75 | 110 |
| Локација 2: | / | / | 59.5+2,75 | 110 |
| Локација 3: | / | / | 54.1+2.75 | 110 |
| ОСЕТЛИВИ ЛОКАЦИИ | | | | |
| Локација 5: | | | | |
| Локација 6: | | | | |
| Локација 7: | | | | |
| Локација 8: | | | | |

Наведете ги изворите на вибрации и на нејонизирачко зрачење (топлина или светлина)

Емисии на бучава се можни од работата на вентилаторите (ѕидни), со чија помош се врши одведување на респирабилната прашина и отпадните гасови од објектите за одгледување на свињи, кои се создаваат со физиолошката активност на животните, како и од работата на транспортните системи за дотур на храна од силосите за храна до хранилките во објектите.

Меѓутоа, нивото на штетна бучава што се емитира од објектите на свињарската фарма е далеку од максималното дозволено ниво и нема потреба од спроведување на посебни мерки за спречување на штетната бучава

Прилог 55 ИЗВЕШТАЈ ОД МЕРЕЊЕ НА БУЧАВА, ПРАШИНА И МИРИС

Према природата на дејноста, активностите во Инсталацијата не создаваат штетни вибрации со интензитет на кој .би требало да се обрне внимание.

Во околината на Инсталацијата и нејзините делови, како и на нивната локација изворите на нејонизирачко зрачење се со минимален интензитет, во сверата на ниски фреквенции.

## XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

Пополнете ја Табелата XI.1-1:

**ОДГОВОР**

| Параметар | Фреквенција на мониторинг | Метод на земање на примероци | Метод на анализа/техника | Мерни места | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бучава | 1 годишно на 3 мерни места | MKS ISO 1996-2:2018 | MKS ISO 1996-2:2018 | ММ1 влез во локација | 41.161821 22.488489 |
| | | | | ММ2 Во близина на силоси | 41.161229 22.488359 |
| | | | | ММ3 10 м од хала | 41,161582 22.487704 |
| Прашина | 2 пати годишно – лете и зима на 3 мерни места | MKS ISO 10780:2008 MKS EN 12341:2007 | MKS ISO 10780:2008 MKS EN 12341:2007 | ММ1 Хала маторици и Б фаза | 41.161479, 22.488156 |
| | | | | ММ2 Хала тов | 41.161930, 22.488230 |
| | | | | ММ3 силоси | 41.161190, 22.488352 |
| Амонијак | 2 пати годишно – лете и зима на 3 мерни места | MKS ISO 10780:2008 MKS EN 12341:2007 | MKS ISO 10780:2008 MKS EN 12341:2007 | ММ1 Хала маторици и Б фаза | 41.161479, 22.488156 |
| | | | | ММ2 Хала тов | 41.161930, 22.488230 |
| | | | | ММ3 На 10 м од лагуна | 41.161786, 22.488277 |
| Испитување на почва | 2 пати годишно – лете и зима на 1 мерно место | Различни методи | Различни методи | ММ1 ЛАГУНА 1 | 41.161766, 22.488316 |
| | | | | ММ 2 ЛАГУНА 2 | 41.161500, 22.488238 |
| | | | | ММ 2 ЛАГУНА 3 | 41.161305, 22.487697 |
| Испитување на вода за пиење | 2 пати годишно – лете и зима на 1 мерно место | Различни методи | Различни методи | ММ1 КУЈНА | |
| Испитување на отпадна вода | 2 пати годишно – лете и зима на 2 мерни места | Различни методи | Различни методи | ММ1 ЛАГУНА | |

Прилог 49 МЕТОДИ ЗА СИТЕ ВИДОВИ НА МЕРЕЊА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Прилог**

Локација на мерни места

- Мерни места бучава,
- Мерни места квалитет на воздух.






## XII. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Операторите кои поднесуваат барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола приложуваат Програма за подобрување.

**ОДГОВОР**

| Ред. Бр. | Активност | Финансирање по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 | Година 2028 | Година 2029 | Вкупно |
| 1. | Организирање на собирното место за отпаден материјал | 10.000 | / | / | / | / | 10.000 ден |
| 2. | Поставување на натписи, информативни табли, известувања, упатства за менаџмент со отпад и процедури на местото за отпад на Инсталацијата и низ целокупниот објект | 5.000 | / | / | / | / | 5.000 ден |
| 3 | Извршување на мерење на бучава во животна средина | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 150.000 ден |
| 4 | Извршување на мерење на присуство на прашина во животна средина | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 150.000 ден |
| 5 | Извршување на мерење на амонијак во животна средина | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 150.000 ден |
| 6 | Тестирање на почва | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 150.000 ден |
| 7 | Микробиолошко и хемиско испитување на вода од сопствена бушотина | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 50.000 ден. |
| 8 | Поставување на вентилациони системи за внес на свеж воздух | / | 250.000 | 250.000 | / | / | 500.000 ден |
| 9 | Поставување на системи за аеросолно замаглување на воздухот | / | 500.000 | 500.000 | / | / | 1.000.000 ден |
| 10 | Поставување на системи за одвод на воздух во фармата со биолошки третман на воздухот (филтрација) пред испиштање во атсмоферата | / | 500.000 | 1.000.000 | / | / | 1.500.000 ден |
| **Вкупно** | | **145.000 ден** | **1.380.000** | **1.880.000** | **130.000** | **130.000** | **3.665.000 ден** |

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Определбата на раководсвото на инсталацијата за целосно и навремено исполнување на законските обврски од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравје при работа.

Според Политиката на компанијата, обврска на сите вработени е да го користат системот за управување со животна средина како оперативен инструмент за организирање на дневните активности со цел да се задоволат потребите на потрошувачите, преку нивно снабдување со производи и услуги кои секогаш ќе бидат во согласност со нивните барања и поставените рокови.

Согласно Политиката инсталацијата ќе продолжи да работи секогаш стремејќи се да го спречи секој вид на несреќи и повреди преку активно учество на секој вработен и периодична проверка на нивните познавања и спремност во делот на безбедноста и опкружувањето, со цел да се дефинираат планови чија имплементација ќе ги подобри споменатите перформанси.

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите услуги на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина, фирмата издвојува и дел од својот буџет за вложување во безбедност и здравје на вработените и заштита на животната средина.

Инсталацијата секогаш се стреми кон најновите достигнувања на полето на заштита на животната средина преку:

- намалување на потрошувачката на суровини и енергија;
- навремен мониторинг на емисиите во воздух;
- навремен мониторинг на емисиите во канализација;
- навремен мониторинг на нивото на бучава;
- намалување на емисиите на штетни материи во животната средина со правилно складирање, третман и обработка на отпадните материи.

На самата локација не се врши искористување на сопствениот отпад. Како отпад, кој се депонира на самата локација е течната фракција, која се создава со декантација на отпадните води во земјаните лагуни.

Течната фракција, со висок степен на биодеградација, која се врши по природен пат, се користи за ѓубрење на земјоделските површини, најчесто со поливање или распрскување.

Цврстата фракција (мил), која се црпи од земјаните лагуни определени за таложење на цврстиот дел, по завршената целосна декантација и заситување (на пр. еднаш годишно), се транспортира на определена локација, надвор од оградата на фармата за свињи, а во рамките на границите на Инсталацијата, каде привремено се депонира до конечно дистрибуирање на земјоделските површини со договорни страни.

При суво време отпадот/ѓубривото е во цврста состојба и не постои можност за емисии во површински или отпадни води.

### XII.2. Програма за подобрување

Инсталацијата користи техники кои се блиски до најдобрите можни техники за активностите кои се одвиваат на Инсталацијата, но сепак постои можност тој систем да се подобри. Целта кон која што се стреми Операторот е преку соодветно производство да се постигне соодветен стандард и квалитет на услугата која ја дава, но притоа да не дојде до нарушување на состојбата со животната средина.

Имајќи во предвид дека работењето на инсталацијата се извршува со опрема која соодветствува со домашните и европските прописи и регулативи кои се однесуваат на заштитата на животната средина, фактот дека создадената бучава е во рамките на дозволените нивоа на бучава, преземањето на целокупниот создаден

отпад се врши од страна на овластени фирми - преземачи на отпад, ефикасно искористување на енергијата и низа други активности кои се преземени со цел заштита на животната средина, Програмата за подобрување која ја предлага Операторот претставува програма на дефинирани организациони активности кои ги опфаќаат аспектите прикажани во следната табела

Исто така, Прогрмата овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Основните цели на Програмате се:

- Да се потврди дека договорените услови се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека емисиите се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Да се овозможи управување со непредвидените влијанија или промени;
- Да се потврди дека со примена на соодветни мерки се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина.

Операторот главно ги има остварено потребните техничките подобрувања за работа на инсталацијата и заштита на животната средина и нема значително влијание врз загадувањето на животната средина.

## XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување.

Исто така наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од нормалното работно време, т.е. ноќно време, викенди и празници.

Опишете ги постапките во случај на услови различни од вообичаените вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

**ОДГОВОР**

Тимот за заштита на животната средина на Операторот, постојано ги контролира активностите кои што се изведуваат во фармата за свињи, при што ги идентификува случаите кои можат да излезат од контрола и да предизвикаат негативни последици во работењето и негативно влијание врз животната средина.

Операторот превзема соодветни технички и организациски мерки за превенција и избегнување на итни ситуации (соодветна инфраструктура, проверка на инсталациите, назначување на одговорни лица и друго).

Операторот има развиено и применува План за реагирање при вонредни околности, елементарни непогоди и кризни ситуации, и изработена Постапка во која се опишува начинот на кој Друштвото се справува во итни ситуации.

Постапката се стреми кон соодветна подготовка на Друштвото за справување со сите вонредни состојби со цел ефикасно спречување или минимизирање на последиците преку соодветни планови за справување со вонредни состојби.

При изградбата на сите постоечки објекти водено е сметка од областа на сигурност, заштита и безбедност при работа при што се применети нормите и прописите од областа на сигурност на градбите, заштита од пожар, заштита при безбедност и здравје при работа, како и заштита на животната средина.

Постапката за делување во случај на незгода се применува во сите организациони делови на Инсталацијата, за сите активности, производи и услуги, кои што може да имаат влијание врз животната средина.

Управителот е одговорен да ја обезбеди опремата за делување во случај на незгода или вонредна состојба, а врши и одобрување на Планот за делување во случај на незгода или вонредна состојба, кој што е изработен од страна на Одговорниот за контрола на производството.

**- Идентификација на потенцијални незгоди и вонредни состојби**

Одговорниот за контрола на производството, во соработка со тимот за заштита на животна средина, врз основа на важечките законски прописи за животна средина, како и врз основа на долгогодишното работно искуство вршат идентификување на потенцијалните незгоди и вонредни состојби.

Врз основа на идентификуваните потенцијални незгоди и вонредни состојби се изготвува План на активности во случај на вонредни состојби.

Целта на овој план е да ги идентификува значајните ризици, да ги дефинира овластувањата и одговорностите на клучните вработени, листата на задолжителни контакти, спецификација на опремата и активностите при итните ситуации.

**- Планирање на активностите во случај на незгода или вонредна состојба**

Планот за вонредна состојба се состои од претходно одредени и соодветно припремени активности за реагирање и справување со итна ситуација. Планот за вонредна состојба ги дефинира потребните активности при вонредна состојба и вклучува:

* Препознавање на потенцијални вонредни состојби,
* Поставување на одговорна личност за координација (водач на тим, координатор), негов заменик и луѓе одговорни за разните активности, на пример персонал обучен за противпожарна заштита, персонал обучен за справување со протекување на отпадните води и друго (членови на тимот),
* Одговорности и должности на персоналот со определени задачи при настанување на вонредна состојба,
* Опис на активностите кои што треба да се превземат и предвиденото време за реагирање,
* Постапка за евакуација,
* Препознавање и лоцирање на штетни материјали и активности потребни кога вакви материјали се причина за вонредната состојба,
* Соработка со надворешни служби,
* Комуникација со локалните власти, соседи и јавноста,
* Заштита на важни документи и опрема,
* Детали за вежбите,
* Расположливоста на корисни информации за управување со вонредна состојба (на пр. распоред на инсталации, податоци за штетните материјали, постапки, упатства и контакт телефонски броеви).

Планот за вонредна состојба детално го опишува начинот на кој раководството и персоналот ќе бидат известувани.

Онаму каде што е потребно треба да се предвиди и можноста за известување на разни државни и локални власти, како и медиумите и да се назначи одредено одговорно лице.

При градење на објектите, во зависност од нивната намена водено е сметка за материјалите за градба, за нивната цврстина, незапаливост, отпорност на топлина и сл.

- ***Обезбедување на границите на инсталацијата од пристап на невработени лица***

Инсталацијата е уредена така да овозможува непречено работење и безбедно изведување на сите работи од почетокот до завршетокот на производниот процес.

Во самата инсталација инсталирани се:

- Видео надзор на Инсталацијата

- ***Уредување и одржување на околината во инсталацијата***

Со цел да се овозможи непречен пристап на возила и машини за дотур на материјали се користи постојниот дворен простор и истиот се одржува во чиста состојба.

- ***Определување на местото, просторот, начинот на разместување и складирање на суровини и готови производи***

Сите материјали и опрема кои се потребни за процесот на производство односно за изведување на одредена работа се поставени, односно складирани, на однапред определено место, така да се овозможува лесен преглед и нивно несметано земање без опасност од уривање и причинување на било каква повреда.

Суровините и готовите производи се категоризирани по вид, тежина и приоритет на транспорт.

- ***Начин на транспортирање, товарање, истоварање и депонирање на разни видови суровини и готови производи***

Транспортирањето, товарањето, истоварањето и складирањето на суровините и готовите производи се врши со превозни средства за превоз на истите и истите подлежат на соодветна процедура за транспорт

- ***Начин на обезбедување и обележување на опасните места***

Обезбедувањето на опасните места се прави на тој начин што на влезот нво погонот е поставена табла со натпис "забранет влез за невработени", а за вработените се поставени табли за предупредување на местата каде постои опасност.

Исто така се поставени табли со натпис за задолжително носење и користење на средствата за лична заштита како и табла за инфоемација за место за чување на

токсични материи. За нив постои и е усвоена соодветна процедура составен дел од документацијата

Таблите за предупредување се поставени на видно место и на сите места каде постои можност од настанување на повреда.

- ***Уредување на електричните инсталации за погон и осветленост***

Снабдувањето со електрична енергија се врши преку градската електрична мрежа.

Заради безбедност на вработените не смее да се врши поправка на машините и уредите додека предходно не се исклучи напонот. Во колку настанат дефекти на електричната инсталација отстранувањето на истите може да го врши само квалификувано лице за таа цел. За одржување има усвоено и посебна процедура составен дел од документацијата

Заради заштита од удар на струја на работниците, сите машини и уреди кои се напојуваат со електрична енергија се заштитени со заштитно заземјување.

Кругот во кој е лоцирана инсталацијата е осветлен со систем на улично осветлување.

- ***Мерки и средства за заштита од пожари***

Посебно внимание се посветува на мерките и средствата за заштита од пожари.

Електричната инсталација, апаратите и машините на електричен погон секогаш се одржуваат во исправна состојба, а електричната инсталација низ магацините и канцелариите е изведена прописно со што е спречена појава на краток спој кој може да предизвика пожар.

Во случај на пожар, за негово гаснење се користат ПП апарати, а ако пожарот е од поголем карактер треба да се бара помош од најблиската ПП бригада.

Во зоните на опасност, се забранува работа со алатки, уреди и опрема кога при работа со истите се јавува искрење и тоа претставува опасност од појава на пожар и експлозија.

- ***Опасност од избувнување пожар од инсталациите на опремата***

Во рамките на инсталацијата нема инсталирано резервоар за складирање на гориво, кој е изведен согласно законската регулатива за овој тип на објекти.

- ***Средства за ПП заштита***

Како средства за ПП заштита инсталацијата располага со следните ППА:

- 4 ППА S 9
- 2 ППА С5

- ***Санитарни јазли, користење и одржување***

Вода за пиење вработените користат преку сопствена бушотина која се проверува редовно.

Во административниот објект, трпезаријата и кујната има санитарен чвор према постоечките прописи.

- ***Укажување на прва помош во случај на повреда при работа***

Давање прва помош на работниците во случај на повреда при работа се врши на лице место, за која цел се користат средствата од сандачето за прва помош, кое е поставено на видно место и лесно да се доаѓа до него.

Прва помош на повредениот му дава лице од службениот кадар или друго лице обучено за давање прва помош. Во колку повредата е потешка и е потребна помош од стручни лица, повредата се санира на лице место, а потоа повредениот се пренесува до најблиската здравствена установа.

Сандачето за прва помош е обележано и секогаш треба да биде полно со потребните материјали. Потрошените средства се дополнуваат веднаш.

Во случај на повреда, непосредниот раководител е должен за работникот да направи пријава за несреќа при работа, на пропишаниот образец ЕТ-8, веднаш по несреќата или најдоцна 24 часа по несреќата. Ако повредата е од потешка природа или се повредени повеќе работници, непосредниот раководител на објектот е должен веднаш или во рок од 24 часа да го извести усно или писмено трудовиот инспектор на таа подрачна единица за настанатата тешка повреда при работа. Непосредниот раководител во овој случај треба да го обезбеди местото на повреда се до доаѓањето на увид на инспекторот на труд.

- **План за спречување на настанување на пожар**

Операторот има изработен план за делување во случај на пожар кој претставува оперативен документ со кој треба да се обезбеди максимална заштита на имотот и вработените.

Една од појдовните активности на одговорниот за заштита на животната средина и тимот за заштита на животната средина при елаборирање на прашањето за справување со вонредна состојба е да изработи План на локацијата.

Планот на локацијата дава детали за непосредното опкружување на Инсталацијата (природни патишта, објекти, водотеци и слично), како и распоред на сообраќајниците, патиштата за евакуација, паркинзи за возниот парк, локации на местата за пружање на прва помош и расположливата медицинска опрема.

Планот исто така вклучува локации на табли со упатства во случај на незгода односно вонредна состојба, локации на аларми, опрема за заштита на животната средина и слично.

Опремата за делување во итна ситуација ја обезбедува Управителот, додека пак Одговорниот за контрола на производството е должен најмалку еднаш месечно да ја провери функционалноста на опремата и за тоа да води соодветен запис.

Опремата за делување во случај на незгода односно вонредна состојба вклучува:

- Средства за пружање прва помош,
- Апарати за гасење пожар,
- Заштитни маски,
- Телефон со секогаш достапни интерни и екстерни врски,
- Мобилни телефони.

Планот за спречување и настанување на пожари, е со следната содржина:

- Процена на загрозеноста од пожари,
- Распоред на ПП апарати по објекти во фармата за свињи,
- Мерки за спречување и настанување на пожари,
- Мерки за дејствување при појава на пожари,
- Организација на раководење и командување во локализирање и гасење на пожар.

- **Проценка на загрозеноста од пожари**

Тимот за заштита на животната средина раководен од Одговорниот за контрола на производството има направено проценка на загрозеноста на фармата од пожари.

При проценувањето на загрозеноста во предвид се земени дејноста која што ја врши Операторот, локацијата и објектите со кои што располага фармата, непосредното опкружување, како и евентуално намерното подметнување на пожари.

Ако се земе во предвид дека претежната дејност во Инсталацијата е одгледување на свињи се проценува дека можноста од настанување на евентуални пожари е на многу ниско ниво.

Фармата за интензивно свињарство е лоцирана надвор од населени места, во подрачје на земјоделска активност, на доволна оддалеченост од станбени објекти, односно може да се заклучи дека поставеноста на фарамата е таква да до самата фарама нема објекти кои што директно би биле загрозени од евентуален пожар.

Но сепак вработените во своето работење и грижа кон животната средина се свесни дека со заштитувањето на својот имот истовремено го заштитуваа и имотот кој се наоѓа во нивна непосредна близина.

Објектите се од цврст материјал, применетите материјали се отпорни на пожар, а со тоа се превземени заштитни мерки, со кои би се намалила опасноста од појава на пожар.

Каблите се поставени над малтерот во посебни канали прописно прицврстени, со што се намалува опасноста од активно горење на истите. Каблите се од типот ПП и ППОО а нивната сигурност е обезбедена со топливи осигурачи.

Можни се појави на евентуални пожари во пооделни и посебни објекти како што се магацинот за гориво и мазиво каде што има инсталирано електрични табли.

Тимот за заштита на животна средина како најверодостоен извор на пожар го идентификуваше и намерното подметнување на пожар.

- **Мерки за спречување на настанување на пожар**

Заради намалување на бројот и причините за појава на пожар се превземаат превентивни мерки при проектирањето, изградбата и користењето на објектите (електрични, неелектрични, градежни заштитни мерки, мерки за заштита од пожар, користејќи едукација за подигање на ПП свеста кај вработените).

Една од мерките за спречување на настанување на пожар е редовно одржување на сите видови уреди во инсталацијата. За таа цел одговорниот врши постојано одржување на уредите во Инсталацијата. За превземените активности и редовниот мониторинг над уредите тој постојано го известува Управителот.

Одговорниот вршат постојана контрола на лесно запаливите материи и гасови и за своето работење го известуваат Управителот.

Раководителот задолжен е за одржување на уредите и средствата за гасење на пожар во исправна состојба како и за изведување на практични вежби во однос на опремата и нејзиното користење. За навремено сервисирање на ПП апаратите тој соработува со овлстени фирми, а за своето работење постојано го известува Управителот.

- **Мерки за дејствување при појава на пожар**

Во случај на појава на пожар секој работник кој непосредно ќе се најде на местото на пожарот должен е да пристапи кон гасење на истиот. Доколку работникот не е во можност сам да го реализира тоа тој е должен да пристапи кон известување на ППС од најблискиот телефон.

Во случај на пожар Раководителот е должен веднаш да го извести Управителот, за местото на пожарот. Во случај кога пожарот е од поголеми размери и не може да се изгаси од присутните работници истиот треба да се евидентира и веднаш да се известат надлежните органи односно ПП служба и Управата за внатрешни работи.

Гасењето на пожар со вода се применува кога со огнот се зафатени дрво, гума, текстил, пластика, кожа и слично. При гасење на овие материјали се ослободува голема количина на чад и топлина која зрачи од материјалите зафатени со огнот па затоа тешко се локализираат. Во таков случај се дејствува со јаки млазеви вода, по капацитет и по ударна снага од одредена далечина.

Кога пожарот е згаснат треба да се употреби распрснат млаз на вода.

Ако гасењето се врши во затворен простор задолжително да се носи заштита за дишните органи.

При гасење во вакви случаеви мора да се води сметка за исклучување на електричната енергија

Во случај кога од пожар се зафатени електрични инсталации, уреди и постријки, гасењето на пожарот се врши само откако ќе се исклучи струјата.

Струјата од уреди со висок напон се исключуваат во следните случаеви:

- Кога горат електрични уреди,
- Кога електричните уреди се оштетени и претставуваат опасност по гасењето,
- Кога електричните уреди го отежнуваат гасењето.

Исклучувањето на струја со напон поголем од 220V го врши лице кое има познавање од таа област, при што не треба да се допушта да има присуство на голем број на луѓе во моментот на исклучувањето, како и електричните уреди под напон да не се допираат со метални делови.

Гасењето на пожарот може да започне само откога ќе се знае дека електричните уреди не се под напон.

Водата потребна за гасење на евентуално настанатиот пожар ќе се обезбедува од водоводниот систем каде што има хидранти, од сопствениот бунар за водоснабдување на фармата.

**- Организација на раководење и командување во локализирање и гасење на пожар**

Непосредниот раководител по дознавањето за пожарот должен е веднаш да дојде на местото на пожарот и да го превземе раководењето на неопходните активности за гасење на пожар. Во управување со настанатата ситуација раководителот кој раководи со операцијата на гасење на пожарот должен е да :

- Да изврши проценка на настаната ситуација на теренот,
- Организира давање на ПП апарати и друга опрема,
- Организира распоред на луѓето,
- Наредува да се исклучи електричната енергија,
- Евакуација на запаливите материи,

- Евакуација на загрозените работници.

Во случај да расположливите луѓе не се доволни да го изгаснат пожарот тогаш раководењето со настанатата ситуација го врши ПП Служба Гевгелија.

- **Мерки за заштита од електрична струја**

Од мерките, кои се применуваат за заштита од електрична струја, можат да се наведат следните:

- Главната разводна табла (ГРТ) е со биметална заштита која штити од варирање на напонот,
- Контрола на затворањето на разводниот орман и доколку во текот на работата го изгубиле својството на затворање, истите се поправаат или се заменуваат со нови,
- Разводните ормани се достапни во секој момент за брзо исклучување во случај на пожар,
- Главната склопка е јасно обележана со поимите : вклучено, исклучено,
- Покрај разводниот орман е поставен еден ПП апарат,
- Заштитата на електричните мотори од машините е изведена со одговарачки релеј подесен на нормаланата струја што ја користи машината.
- Се врши перманентна контрола на уредите и водовите, па доколку се утврди оштетување истото се поправа или се заменува со ново,
- Неисправните омоти на топливи осигурачи се заменуваат со исправни,
- Забрането е ”крпење” на топливите осигурачи,

За заштита на персоналот, купувачите и уредите од висок напон на допир изведена е заштита и тоа:

- Од куса врска - со осигурачи соодветни за секое струјно коло,
- Од превисок напон на допир- со заштитно заземјување.

- **Мерки за заштита од истекување**

Во Друштвото се превземени сите превентивни мерки за спречување на истекување на било какви супстанци како што се на пример горивата, мазива и слично.

За складирање на маслата за подмачкување во рамките на инсталацијата постои магацин за складирање на истите, кој е од цврста градба и со доволен простор и услови за безбедно складирање на маслата.

Со маслата за подмачкување управува обучен персонал кој што претходно е едуциран за ракување со нив како и за мерките кои што треба да ги превземе во случај на неправилно ракување.

- **Безбедност и здравје при работа**

Безбедноста и здравјето на луѓето е императив за раководството на Операторот, бидејќи само здрави луѓе, во безбедни и контролирани услови можат да одговорат на дадените задачи, кои секојдневно ги извршуваат во Инсталацијата.

Согласно одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа, раководството е во фаза на припрема на потребната документација со која се регулираат правата и обврските на работодавачот и вработените.

Покрај основните мерки за безбедност и здравје при работа на вработените, работодавачот треба да изнаоѓа и применува нови технологии, со помал ризик и во тој правец, редовно да одржува обука на вработените.

Како посебни обврски на работодавачот за безбедност и здравје приработа се смета обезбедувањето на поволен амбиент за работа во работните простории, како и обезбедувањето на лични заштитни средства (работна облека, заштитни обувки, маски, ракавици и др.).

Регулирањето на овие обврски се врши во согласност со Правилникот за лични заштитни средства по работни места, со кој е утврден и периодот на траење, односно периодот на замена, на некое од пропишаните заштитни средства

Прилог 47 ПЛАН ЗА ХАВАРИИ

## XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Опишете ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по делумен или целосен престанок на активноста, вклучувајќи отстранување на сите штетни супстанции.

**ОДГОВОР**

При вршењето на активностите во инсталацијата, битен елемент претставуваат мерките за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето, за време на работата на објектите, и на инсталациите, и грижата по престанокот со работа на инсталацијата, како и грижата за локацијата, откако инсталацијата ќе престане со работа.

Со оглед на тоа што, ремедијацијата, во суштина претставува процес на повторно враќање во корисна состојба на локацијата на која што, во соодветна инсталација се вршела дејноста, а која би била деградирана од работата на инсталацијата, Операторот, со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста, врз животната средина, по целосен или делумен престанок со работа на инсталацијата, презема потребни мерки и организација, во форма на; План за управување со резидиум.

Со Планот, даден е: опис на постоечките и предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по делумен или целосен престанок на активноста; опис за отстранување на сите штетни супстанции; приказ на обезбедување или отстранување на материјалите, отпадот, почвата, постројките или опремата; опис на доведување на локацијата во задоволителна состојба, во случај на целосен престанок на активноста.

Престанување со работа на инсталацијата или дел од неа, може да се изврши:

- Со Решение на Органот на државната управа надлежен за работите на животната средина, кога се исполнети условите и/или роковите за затворање, наведени во Дозволата за работа на инсталацијата.
- Со Решение од Органот, врз основа на поднесено барање за затворање на инсталацијата, од страна на основачот или операторот.
- Со Решение на Органот, кога е утврдено дека, натамошното работење на инсталацијата, или дел од неа, претставува опасност за животната средина, за животот и здравјето на луѓето.

Обврските за ремедијација, и повторно враќање на локацијата во кориска состојба, кои произлегуваат од Законот за животната средина, Операторот, ги сваќа

како мерки соответни и ефикасни за отстранување на целокупната штета, предизвикана врз животната средина.

При тоа, се има предвид дека, функциите кои што се вршат во инсталацијата; интензивно свињарство, не предизвикуваат штети кои имаат значителни неповолни влијанија врз воздухот, водите а особено почвата, на која не се предизвикува незина контаминација што во целина би имало значителен ризик, по здравјето на човекот, бидејќи, директно или индиректно не се применуваат супстанции, препарати, организми или микроорганизми.

Операторот, ја прифаќа одговорноста за следење и контрола во фазата на натамошната грижа за локацијата, откако инсталацијата ќе престане со работа, како и должноста, на локацијата да ги следи и да ги анализира количествата и состојбите на емисиите во близина на локацијата, во атмосверата, подземните и површинските води, во почвата.

Операторот, ја прифаќа должноста да го известува надлежниот орган, за сите значителни негативни влијанија врз животната средина, откриени со постапката за ремедијација.

Во текот на работењето на Инсталацијата можно е кај истата да дојде до целосен или делумен прекин на работа (можен е делумен престанок на работа и на дел од Инсталацијата), што зависи од голем број фактори (застареност и дотрајаност на опремата, лоши економски состојби во земјата, недостиг на храна, ценовни пореметувања и сл.).

Престанок на работа на целата Инсталација не се планира во блиска иднина.

*Првата фаза* од активностите кои што би произлегле во случај на престанок со работа на инсталацијата ќе опфати контрола на остатоците на материјалите на инсталациите, планирано расчистување и чистење на инсталациите, како и разгледување на солуција за продажба на опремата на некоја инсталација од сродна дејност или пак соработка со превземач кој понатаму ќе изврши реупотреба или рециклирање на опремата. Најголем дел од опремата е набавена како нова, така да голем дел од неа ке биде повторно монтирана на новата локација.

Во случај на потреба од престанок на работа на инсталацијата ќе се превземат следните активности:

### XIV.1 Производството ќе престане со работа.

- По навремена најава на престанокот со активностите, ќе се изврши проценка за оптимална набавка на сите суровини во дадениот период, со што ќе се избегне да остане непотребна залиха на суровини и материјали. Евентуалниот остаток од залихата ќе се складира во магацини на фирми со кои има договор за складирање.

- Отстранување на било каква хемикалија или отпад складирани на локацијата. Секое масло или средство за подмачкување кое ќе се затекне на локацијата во време на престанокот со работа ќе биде отстрането или рециклирано преку соодветни овластени фирми.
- Процесната опрема ќе биде исчистена, демонтирана и соодветно складирана до продажба, до повторна монтажа на нова локација, или до отстранување или рециклирање преку соодветни овластени фирми.
- Зградите ќе бидат темелно исчистени пред напуштање.
- Локацијата и објектите на неа ќе бидат оставени во безбедна состојба и ќе се одржуваат соодветно ако се случи да бидат напуштени за подолг временски период.
- Создадениот отпад ќе се понуди за продажба.
- Стадото ќе биде навреме продадено или преместено

*Втората фаза* од активноста би опфатила активности во поглед на искористување на просторот. Што се однесува до просторот во кој што се изведуваат активностите истиот не може да се искористи за земјоделски развој. Бидејки во просторот е инвестирано наменски, со инфраструктура за таа намена, најдобро искористување на овој простор би бил тој да се употреби за иста или слична намена.

Исто така при престанок со работа пред понатамошна пренамена на просторот ќе се направи и проценка на деградација на почвата од дотогашните активности на фабриката.

### XIV.2. План за управување со резидуи

Инсталацијата за интензивно свињарство, преставува фарма од затворен систем на одгледување на свињи, до фазата на гоење на свињи, односно производство на гоеници, со маса од 100кг жива мера/гоеник.

Со оглед дека Инсталацијата се наоѓа на локација предвидена за фармерски и земјоделски активности, во рурално подрачје, со Планот за управување со резидуи се предвидува ремедијација во земјоделско земјиште за одгледување на земјоделски култури (насади, житарици и др.), а во никој случај за некаков урбан развој или друга индустриска активност.

Поради тоа, во прв ред е потребно да се направат анализи на почвата и дополнителни истражувања со кои би се утврдило дали е потребно деконтаминирање или отстранување на контаминираниот слој на локацијата.

Доколку се утврди контаминација на површината ќе се превземат соодветни мерки во согласност со Законот за заштита од јонизирачко зрачење, Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина.

**- Контрола на остатоците на материјали на локацијата**

Во случај на целосен или делумен престанок со работа на Инсталацијата, се врши оценка на остатоците на материјали на локацијата, со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзин престанок.

Со Планот за управување со резидуи се претпоставува дека периодот на затварање би бил однапред познат и складираните количини на суровини, помошни материјали, готови производи и отпади (цврст и течен), би биле исцрпени или сведени на минимум. Дел од материјалите кои не се употребени, ако е можно ќе бидат вратени на добавувачот (на пр. добиточна храна од силосите, лекови и др. материјали во оригинални пакувања), а останатите материјали ќе бидат соодветно распоредени.

Со отпадот ќе се постапува според одредбите на Законот за управување со отпад, кој посебно ги регулира обврските за создавачот и за поседувачот на отпадот, како и одстранувањето на отпадот.

**- Расчистување и чистење на градбите и техничките постројки**

**А. Објекти**

На Фармата за интензивно свињарство се изградени повеќе објекти со различна намена, како на пр. објекти за одгледување на свињи, портирница со гардероби, итн.

При изградбата на објектите не е употребуван азбестен цемент, кој е штетен и за човекот и за животната средина.

При нивно рушење, градежниот отпад од цврстата градба (бетон, тули, малтер) би биле одложени на депонија за цврсти материјали, или може да се продаде за повторна употреба како гранулационо полнило и агрегат.

Салонитниот покрив ќе се одложи на санитарна депонија согласно со важечките законски прописи кои произлегуваат од Законот за животна средина и Законот за управување со отпад.

При дислоцирање, дел од материјалите кои може да се искористат (прозори, врати) би биле демонтирани и дислоцирани, а останатата метална конструкција (покривна конструкција) би била демонтирана и продадена како секундарна суровина.

Шутот од патеки и платоа би се одложиле на депонија. Доколку е изводливо, материјалот од поплочените патеки би се искористил за друга локација.

За отстранување на дренажниот систем (подземна канализација за транспорт на отпадните води од објектите за одгледување на свињи) е потребно подолго време, но во зависност од пренамената на локацијата, дел од истиот би можел да се пренамени и искористи.

**Б. Технички постројки**

На техничките постројки, како што се опремата за одгледување на свињи, транспортните уреди за хранење и напојување на животните, силосите за прием и

складирање на добиточната храна и др. опрема, најнапред се врши оценка на нивната функција, а потоа се предлагаат мерки за нивниот статус.

Доколку опремата и постројките се сеуште функционални, тие ќе бидат дислоцирани на соодветна нова локација и употребени за таа намена.

Тоа се однесува пред се на металните боксови за сместување и престој на свињите, жичаните кафези за прасињата, системите за хранење и напојување на животните, вентилаторите, калориферите и др. Во оваа категорија спаѓаат и челичните силоси за прием на добиточната храна за исхрана на животните

Доколку опремата и постројките се надвор од функција, во зависност од материјалот од кој се изработени, ќе бидат селектирани и продадени како секундарна суровина.

На ист начин ќе се постапи и со дотрајаната опрема и постројки, која ни во еден случај не може да биде повторно ставена во функција.

Со искористената неупотреблива електрична и електронска опрема ќе се постапува во согласоност со Законот за управување со отпад.

**В. Опсег на уривање**

Во случај на целосен престанок со работа на Инсталацијата, опсегот на уривање би се одвивал во неколку фази, и тоа:

- Дислокација на суровините, помошните материјали, производите и отпадот (доколку не се исцрпени),
- Дислокација на техничките постројки и инсталации,
- Рушење на објектите од цврста градба, демонтажа на монтажните објекти и селекција на материјалите за нивно понатамошно искористување и
- Повторно доведување на локацијата до состојба погодна за земјоделство.

**Г. Управување со отпад од градење / рушење**

Отпадот од градење или рушење, најнапред ќе биде селектиран, а потоа ќе биде одложен на депонија за цврст отпад. Во случај на можно искористување, материјалот ќе биде соодветно третиран.

**Д. Ремедијација на контаминирана површина**

Контаминираност може да се појави на горниот слој на земјата на која се врши привремено одложување на ѓубривото од лагуните, земјата каде се врши закопување на умрените (угинатите) животни, како и самите земјани лагуни, во кои се одложуваат отпадните води од објектите за одгледување свињи.

Во тој случај, ќе се извршат соодветни мерења, а ако мерењата покажат контаминираност, истата ќе се третира на соодветно место надвор од локацијата и како чиста ќе се складира на депонијата за цврст отпад.

Ќе се извршат мерења на контаминираност на сите места каде има потенцијална опасност од контаминација и ќе се превземат горе наведените мерки, посебно при демонтажа на системот на канализациона мрежа за одвод на отпадните води.

- **Одржливост и проверка на планот**

Во текот на оперативниот живот на инсталацијата, Планот за управување со резидуи ќе се преиспитува во зависност од потребите и измените кои се направени на локацијата. Планот ќе се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадувањето, како и истражувања за ризиците, кои произлегуваат од активноста од работниот век на Инсталацијата

Прилог 48 ПЛАН ЗА РЕМЕДИЈАЦИЈА

## XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

На ова место треба да се вметне преглед на целокупното барање без техничките детали. Прегледот треба да ги идентификува сите позначајни влијанија врз животната средина поврзани со изведувањето на активноста/активностите, да ги опише постоечките или предложени мерки за намалување на влијанијата.

Овој опис исто така треба да ги посочи и нормалните оперативни часови и денови во неделата на посочената активност.

**ОДГОВОР**

Инсталација ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА е изградена на парцела опишана во Имотен лист :

- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Б 1-17 со површина од 355м$^2$,
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 212м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 184м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 27м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4618/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 162м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4619/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 29м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 303м$^2$
- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 7м$^2$

Основна дејност на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА е мешовито фармерство. Инсталацијата се наоѓа во Општина Гевгелија во атарот на с.Мрзенци но со КО Негорци.

Работното време е 8 часа во деновите од понеделник до недела со прекувремени ангажмани во случај на опрасување или друга вонредна активност

*** *Капацитет на постројката***

Проектираниот капацитет на производниот погон на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА е од **околу 1700 товеници и 250 маторици годишно**.

Во непосредна близина на инсталацијата нема други деловни или стамбени објекти

* ***Управување и контрола на инсталацијата***

Во инсталацијата ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА вработени се 4 извршители.

Инсталацијата има имплементиран Систем за добри производни пракси

* ***Суровини***

Главни суровини во фабриката се сточната храна технолошката вода и електричната енергија.

Листата на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии употребени и произведени во Инсталацијата е дадена во Табела IV.1-1.

* ***Отпад***

Во текот на редовното работење на инсталацијата се создава следниот вид на отпад:

- органски отпад  од производство;
- отпад од амбалажен материјал (фолија;
- отпад од амбалажен материјал (картон) од пакување и производство;
- Комунален отпад

Видот и количината на отпад кој се генерира од инсталацијата е даден во Табела V.1-1.

* ***Емисии во воздух***

Од инсталацијата не се евидентирани испусти од котли.

Во текот на месец 2024 година, од страна на акредитираната лабораторија за животна средина и безбедност при работа беа извршени мерења на емисиите во воздухот, за кој е изготвен соодветен Лабораториски извештај и истиот е даден во Прилог

Добиените резултати од извршните мерења покажуваат дека анализираните параметри се во границите на максимално дозволените концентрации (МДК) во согласност со Правилникот за максимално дозволените концентрации на штетни материи што можат да се испуштаат во воздухот (Сл. весник на РСМ бр. 141/2010 и бр.223/19).

* ***Емисии во површински води и канализација***

Од инсталацијата се генерираат:

- Санитарни води
- Отпадни технолошки води од перење на опремата, уредите и подовите во производниот погон

Истите можат да извршат загадување на подземните води и почви па предвидени се мерни точки за мониторинг на загадување на почва во непсредна близина на лагуните

Врз основа на резултатите добиени од извршените анализи може да се констатира дека согласно, Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник  на Р.М. бр. 81/2011) нема надминување на граничните вредности.

* ***Емисии во почва***

Од инсталацијата има емисија на загадувачки супстанции во почвата. Предвидени се мерни точки за мониторинг на загадување на почва во непсредна близина на лагуните

* ***Земјоделски и фармерски активности***

Од Инсталацијата се генерира отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени. Табелата IX.1-1 не е пополнета заради склучените договори со околните земјоделци за превземање на созреаниот отпад и негово расфрлање по околните земјоделски површини како дополнување на ѓубривото

* ***Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење***

Во инсталацијата има појава на емисија на бучава. Таа е резултат на работењето на инсталацијата.

За потребите на ова барање од страна на лабораторијата за животна средина и безбеднсот при работа на "ЕКОЛАБ" дооел Струмица, извршени се мерења на нивото на бучава.

Резултати од извршените мерења се прикажани во табелите X.1-1 и X.1-2.

Врз основа на резултатите од извршените мерења може да се заклучи дека бучавата што се генерира од инсталацијата нема влијание врз животната средина.

На инсталацијата нема извори на нејонизирачко зрачење и вибрации.

* ***Точки на мониторинг на емисии и земање на примероци***

Во ПРИЛОГ XI прикажани се точките за мониторинг на емисии во воздух, емисии во почва и нивото на бучава, присуство на прашина и амонијак на референтните растојанија во близина на изворите и во околината на инсталацијата како и анализа на водата за пиење како евентуално секундарно загадување.

Точките на мониторинг на емисии во воздух и нивото на бучава се прикажани во Табелите XI.1.1-1,  XI.1.2-1 и XI.2.1-1.

* ***Програма за подобрување***

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Определбата на раководсвото на инсталацијата за целосно и навремено исполнување на законските обврски од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравје при работа.

Според Политиката на Операторот обврска на сите вработени е да го користат системот за управување со животна средина како оперативен инструмент за организирање на дневните активности со цел да се задоволат потребите на потрошувачите, преку нивно снабдување со производи и услуги кои секогаш ќе бидат во согласност со нивните барања и поставените рокови.

Согласно Политиката инсталацијата ќе продолжи да работи секогаш стремејќи се да го спречи секој вид на несреќи и повреди преку активно учество на секој вработен и периодична проверка на нивните познавања и спремност во делот на безбедноста и опкружувањето, со цел да се дефинираат планови чија имплементација ќе ги подобри споменатите перформанси.

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите услуги на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина, фирмата издвојува и дел од својот буџет за вложување во безбедност и здравје на вработените и заштита на животната средина.

Основните цели на Програмате се:

- Да се потврди дека договорените услови се соодветно спроведени,
- Да се потврди дека емисиите се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности,
- Да се овозможи управување со непредвидените влијанија или промени,
- Да се потврди дека со примена на соодветни мерки се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина.

Операторот главно ги има остварено потребните техничките подобрувања за работа на инсталацијата и заштита на животната средина и нема значително влијание врз загадувањето на животната средина.

* ***Спречување хаварии и реагирање во итни случаи***

При изградбата на сите постоечки објекти водено е сметка од областа на сигурност, заштита и безбедност при работа при што се применети нормите и прописите од областа на сигурност на градбите, заштита од пожар, заштита при безбедност и здравје при работа, како и заштита на животната средина.

При градење на објектите, во зависност од нивната намена водено е сметка за материјалите за градба, за нивната цврстина, незапаливост, отпорност на топлина и сл.

* ***Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите***

Престанок на работа на целата Инсталација не се планира во блиска иднина.

## XVI ИЗЈАВА



### И З Ј А В А

Со оваа изјава поднесуваме барање за одобрување на Б Интегрирана еколошка дозвола во согласност со одредбите од Законот за животната средина (Сл.весник бр.35/05) и регулативите направени за таа цел

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице..

Подносител на елаборатот

Потпишано од: **Томе Илков** _______________

Датум: 12.08.2025 година

(Во името на правното лице)

Име на потписникот: **Томе Илков** _______________

Позиција во правното лице: сопственик – ополномоштено лице

М.П(*)

ТИМ АГРО-ФАРМ ДОО